## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Шестото продолжение на Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 јануари 2008 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,51 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по Шеесет и петтата седница на Собранието.

Пратениците, Љубчо Георгиевски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Владо Бучковски, Есад Рахиќ, Иван Стоиљковиќ, Кенан Хасипи, Хади Незири, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Али Ахмети, Фазли Велиу и Зумрете Јакупи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Претресот по точката 10 - Предлог за донесување на закон за концесии и други видови на јавно приватно партнерство, со Передлог на закон**, Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот е разгледан на Деведесет и третата седница на Собранието.

**Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Господинот министер Маневски има збор.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе.

Не се работи за некои обмени измени во Законот за спречување на корупцијата донесен 2002 година. Се работи за усогласување на одредбата од членот 36-а, согласно Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија во однос на тоа кога ќе се утврди разлика на вредноста на имотот помеѓу онаа кога е стекнат и испитуваната вредност на имотот. Во претходната одредба стоеше, се земаше како разлика за оданочување пазарната вредност. Тоа, Уставниот суд наоѓа дека не е во согласност со Уставот и сега, практично, Одлуката на Уставниот суд се инкорпорира во членот 36-а. Тоа е една работа.

Втора работа, со Законот се создава обврска на сите органи, државни органи и органите кои вршат јавни овластувања и организации, Управата за јавни приходи (УЈП), да и ги доставуваат бараните податоци во определениот рок што ќе биде утврден со барањето на УЈП, заради тоа што имаше сознанија дека подолго време не се одговараше на барањата на УЈП, на која не и се доставуваа податоци. Поради тоа, постапките што ги спроведуваше УЈП беа доста долги и неефикасни.

Трета работа, со оглед на значењето на ова прашање, за создавање на таа дисциплина во доставувањето на одговорите и вршењето на функциите и на УЈП, со законот се пропишува и казнена одговорност на лицата кои во определениот рок на УЈП нема да и ги достават бараните податоци и квалификуваниот елемент на тоа дело, до колку се работи за службено лице во врска со вршење на службените овластувања.

Тоа се измените и дополнувањата во Законот за спречување на корупцијата. Целта е усогласување со Одлуката на Уставниот суд и овие измени околу јакнење на дисциплината и одговорноста во врска со функциите на Управата за јавни приходи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господин Кондарко.

Има збор господин Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе.

Мислам дека не се така едноставни и така рутински измените што ги образложи министерот Маневски, иако се работи за само неколку членови.

Во дел се согласувам дека се работи за усогласување, согласно Одлуката на Уставниот суд. Тоа е во ред. Како измена на Законот за спречување на корупцијата.

Меѓутоа, се воведуваат и други измени и дополнувања што немаат врска со Одлуката на Уставниот суд, ниту пак го допрецизираат текстот. Напротив, суштински го менуваат текстот.

Министерот ги образложи како зголемување на дисциплината. Меѓутоа, јас ќе го потсетам да провери како работи Комисијата за спречување на корупцијата и Управата за јавни приходи, кои се надлежни да постапуваат по овој закон, дали тие се способни, односно дали имаат доволно, пред се би рекол, политичка волја, по диктат на Владата, да ги спроведуваат постојните законски решенија, целосно, а од друга страна и непристрасно и неселективно. Значи, кога зборуваме за измените и дополнувањата на Законот за корупција, мораме да имаме предвид и да направиме анализа и да го следиме спроведувањето на постојните одредби. Од тоа можеме да изведеме заклучок дека не е проблем, не е поголемиот проблем во самиот закон, односно во самите одредби, туку за жал, откако е оваа Влада на власт, поголемиот проблем се однесува токму на примената, на правилната примена на овој закон.

Сведоци сме дека овие институции, од политички диктат на власта овој закон го спроведуваат крајно селективно, не воедначено, односно овој закон не важи и не се спроведува од страна на Антикорупциската комисија и Управата за јавни приходи врз видни владини високи функционери. Напротив, се користат, се злоупотребува Законот, на селективен начин и на пристрасен начин да се етикетираат одредени поединци од опозицијата, а при тоа, на најбрутален начин се користи за политички пресметки, како средство за политички притисок.

За жал, министерот, во своето кратко образложение не се осврна на овие аспекти.

Кога веќе зборуваме за текстот што ни е понуден и што е на расправа, мора да кажеме дека имаме одредени забелешки, како опозиција, како СДСМ, пред се во новиот член 1, во новиот став 6 на членот 1, каде што се додава нов став 6 и кој гласи дека во постапката лицето е должно на УЈП да ги презентира доказите за изворите на средства од кои е стекнат имотот и средствата, со кои располага лицето и членовите на неговото семејство.

Ние имаме поднесено и конкретен амандман за овој нов став 6, каде што го прецизираме текстот и каде што предлагаме да стојат зборовите дека се работи за имот и средства стекнати за време на траењето на мандатот. Да ја избегнеме можноста, некој со волонтаристичко, прешироко толкување, побудено од политички причини за политички реваншизам, пресметки и притисоци, да си го толкува законот како што му одговара, а при тоа тоа да биде на штета на граѓаните. На штета на правната сигурност на граѓаните, затоа што треба да им се гарантира, до колку државата смета и институциите сметаат, имаат сомневање за да се поведе постапка за испитување на состојбта, да се испитува оној имот на оние лица кои се функционери, додека им траел мандатот. Бидејќи тоа е и смислата и суштината на Законот за спречување на корупција, да се испитува разликата помеѓу оној имот што е пријавен на почетокот на мандатот, односно до колку таа разлика, како што вели Законот, е несразмерна и до колку не се покаже дека таа е од редовни и оданочени примања, тогаш да се поведе таа постапка за преиспитување.

Почитуван министре,

Ќе се согласите дека овој став шест мора после или на крајот на реченицата или после зборовите "имотот и средствата" да се додадат збоеовите дека ова се однесува за имот стекнат, евентуално стекнат, до колку го има и до колку постојат такви сомневања, за несразмерно стекнат имот, за време на мандатот. Не може вие неоправдано, тоа се однесува за сите граѓани и овој закон треба да се применува без разлика кој е на власт, не дека сега некој е опозиција па не му одговара нешто. Напротив, истиве овие одредби можат да се применат и кога некој друг ќе биде во опозиција.

Меѓутоа, јас ве повикувам да, додека сте на власт, подеднакво ги применувате одредбите и кон функционерите на опозицијата, актуелните функционери, но и кон актуелните функционери на власта, односно на ВМРО-ДПМНЕ. За што впрочем и опозицијата, во голем број наврати јавно реагираше, јавно изнесе документи и докази, меѓутоа надлежните институции ги премолчеа тие работи, наоѓаа некои оправдувања што немаат законска основа, само за да ги заштитат функционерите на ВМРО-ДПМНЕ за што опозицијата се сомнева дека несразмено го зголемиле својот имот, односно дека на сомнителен начин се збогатиле.

Затоа мора да стои во овој член појаснувањето дека се работи за имот што секако може да се проверува, во соодветна законита постапка од институциите, меѓутоа дека се работи само за оној имот кој е стекнат за време на траењето на мандатот. Вака, како што е предложено од ваша страна, одредбата, ќе се стекне впечаток дека некој, можеби вам и на некој друг ќе треба да ви го проверува имотот и 20-30 или 50 години наназад, имотот на неговите татковци, дедовци и тн., што се разбира не е ниту намерата, ниту смислата ниту целта на овој закон. Напротив, да се проверат оние функционери од власта, од извршната власт, пред се мислам затоа што принципот е да овој закон најмногу се применува за оној кој е актуелно на власт. Затоа што оној кј е на власт има најмногу можности и опасност да биде доведен да на нелегален и криминален начин го зголеми својот имот. Меѓутоа, тоа оваа Влада не го прави. Тоа го прави селективно, а при тоа не сака да послужи, да даде пример, да појде од себе и да го провери имотот на своите високи функционери.

Понатаму, во ленот 2 од измените со што се менува членот 36 став 1, испаѓа дека, ќе го цитирам: "Ако во постапката на испитување на имотот и имотната состојба не се докаже дека имотот е стекнат или зголемен како резултат на примања што се пријавени и оданочени, Управата за јавни приходи ќе донесе решение за оданочување со персонален данок..." и како што следува текстот.

Ако вака го гледаме Законот, зависи за кои политички потреби кој ќе го спроведува, може да се стекне впечаток дека оваа власт си создава терен, подлога и услови да го применува овој закон не само селективно, туку да ги смени сите правни начела и принципи и товарот на докажувањето да го префрли не на оној на кого се сомнева за да докаже дека нешто не е во ред, туку напротив, да покаже со прст на некого, да етикетира некого и со тоа товарот на докажување, ни крив ни должен да го префрли на лицето на кое се сомнева.

Напротив, тоа не води никаде. Тоа води само кон малтретирање, само кон политички притисок и кон политички реваншизам на оваа власт, затоа што ќе го користи како средство за пресметка со

политичките неистомисленици, кои, во конкретниов случај треба нешто да докаже.

Ако Антикорупциската и Управата за јавни приходи, што ја води оваа постапка за проверка, Антикорупциската поднесува содветна иницијатива, имаат такви индиции и сомневања, тоа треба државата, преку своите институции кои располагаат со евиденција на имотот, преку службите, преку Катастарот и тн., да го провери. Државата ги има тие инструменти и државата, до колку смета дека нешто не е во ред, треба да понуди докази. А не државата да било кого, кој ќе попречи, кој ќе го смета за политики неподобен или кому ќе сака да се одмазди на било кој начин, да покаже со прст, па товарот на докажувањето да го префрли па некој од невин да докажува дека е невин.

До колку сметате дека треба да се воведе една ваква одредба, тогаш мислам дека е ова спротивно на сите демократски принципи и претставува рушење и кршење на основните човекови права, на правото на презункција на невиност, пред се.

Ако вие тврдите и ако имате сомневања и докази, треба во соодветна законска постапка, преку институциите да го проверите. Тоа ви стои на располагање, тоа може да се прави и до сега со постојниот закон, меѓутоа тоа или не се прави или се прави селективно, а како што говорев пред малку и ќе повторам, само за политичките неисомисленици. Што остава простор дека овие, да се сомневаме дека овие измени и дополнувања на Законот се мотивирани од длабоко политички причини, а не од причини за да се води успешна, непристрасна и неселективна борба против криминалот и корупцијата.

Самото однесување, по себе, на оваа власт дава простор на опозицијата да се сомнева, бидејќи кога самата власт кон своите функционери од извршната власт, за кои посебно во јавноста, не само од опозицијта, туку и други невладини институции кои ја следат таа проблематика, излегоа многу докази, излегоа многу сомневања, многу документи дека сториле криминал, ништо од тоа. Кога власта со своите носители на функции во извршната власт не сака да излезе со пример и да покаже дека е чиста, да го примени законот, тогаш што останува за останатите граѓани?

Исто така, во членот 59-а што го менувате велите дека оној кој на барање на Управата за јавни приходи во определен рок не ги достави бараните информации за утврдување на фактичката состојба за оданочување, ќе се казни со казна затвор од 3 месеци до една година.

Ве поддржувам во однос на зголемување и поострување на казнената политика. И, до колку навистина се докаже, до колку навистина постојат реални и основани сомневања дека нешто не е во ред, врз тие лица да бидат применети одредбите од овој закон, да се оданочат со 70% на разликата од имотот што не успеале да докажат дека е стекнат со редовни и оданочени приходи.

Ова е тесно поврзано и со претходното за што говорев, со членот 36-а што се менува, каде товарот на докажување го префрлате на лицето што го сомничите. Дека некој од ништо треба да докаже, затоа што некому од ВМРО-ДПМНЕ или во државните институции, по налог на некој од Владата му текнало да покаже со прст на некого и да докажува дека е невин. Напротив, се докажува вината, а не се докажува невиноста. Тука вие грешите. Ги кршите човековите права.

Во тој контекст е и оваа одредба, последнава што ја цитирав е дискутабилна, во најмала рака или спорна, затоа што ако некој одбие да достави докази во соодветна постапка, до колку има основани сомневања, па да треба да ги побива контрадоказите на државата, во соодветна постапка, а тој не ги достави бараните докази, тогаш тој да биде казнет со казна затвор до една година. Смислата на овој закон, едно е кривичното гонење, кривичните санкции, до колку се докаже дека имотот е стекнат на криминален начин и тоа се решава по друг закон, не по Законот за спречување на корупцијата, туку по кркивичниот закон. Никој никого не може да спаси од кривично гонење до колку има основ за тоа. Со овој закон се проверува потеклото на имотот.

Има право државата по овој закон да го одданочи непријавениот имот односно несразмерно стекнатиот имот со 70% и тоа вие го регулирате. Сега ем ќе го одданочи со 70% ем ќе го казни со казна затвор до една година. Лицето ако не сака да ги презентира доказите во своја одбрана,тогаш тој ризикува неговиот имот да биде оддадночен со 70%.Тогаш која е целта на казнувањето? Или едното ќе се спроведе, или другото. Нема интерес лицето да не ги достави доказите затоа што знае што го чека. Мислам дека на ваков начин не постигнувате дисциплина, туку на ваков начин сакате да покажете моќ, сакате да покажете сила и дисциплинирање, а не дисциплина. Дисциплина ќе има кога подеднакво вие ќе го применувате законот, а не со демонстрирање на сила, закани, казни. Реков дека и јас сум за казни, но мислам дека е несоодветна одредбата и не можете на ваков начин затоа што овој член 59 е поврзан со членот 36-а, со товарот на докажувањето каде ги изместувате сите правни принципи и ризикувате, пред се тоа вас еден ден да ви се удри од глава. Меѓутоа, тоа не е добро за никого, тоа не е добро ни за вас, тоа не е добро во оваа држава да се тргне, било кој, со такви намери, со такви принципи да носи законски решенија за дневно политичка пресметка, заплашување, за дисциплинирање итн.

Затоа ве повикувам да размислите, да ги имате во предвид овие укажувања и што е најважно да реагирате до соодветните институции како Влада, бидејќи тие работат по хиерархија и по политички диктат по ваша наредба, не по ваша лична како министер за правда, но како извршна власт и како

Влада да се замислите како го применувате овој закон или како понатаму ќе го применувате. Опозицијата укажуваше, укажува и ќе укажува и понатаму и ќе изнесува докази за актуелни функционери од извршната власт од ВМРО ДПМНЕ за кои се сомневаме дека на нелегален начин го стекнале својот имот.

Ве повикувам да имате еднаков аршин и еднакви принципи при примената на законите за да имаме доверба дека и овие измени што ги нудите денеска се со цел за да се помогне во борбата и во спречувањето на корупцијата, а не за да бидат искористени за монтирани политички процеси, за заплашување, за вршење притисок и за пресметка со политичките противници. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници,

Се согласувам дека една од причините која е наведена во донесувањето на законот е веста дека корупцијата ја загрозува политичката стабилност на државата, довербата на граѓаните во политичкиот и судскиот систем, владеењето на правото, економскиот развој, странските инвестиции и европската интеграција и се согласувам дека се ова сериозни причини кои би требало да не провоцираат да ги унапредуваме решенијата во Законот за спречување на корупцијата.

Меѓутоа, ако тргнеме од секоја од овие причини кои ги наведов, кои треба да не загрижат за начинот на функционирање и каков белег остава нивното функционирање и во македонската јавност, но и на имиџот на Република Македонија во светот, мислам дека ќе се согласиме дека она што сме го уредиле како законски решенија со она што реално се случува во Република Македонија е многу различно.

Имено, постои огромна дискрапанца помеѓу добрите законски решенија во Законот за спречување на корупција и начинот на кој се применуваат односно начинот на кој не се применуваат во Република Македонија.

Да тргнам од почеток.

Факт е дека треба да се гради доверба на граѓаните во политичкиот и судскиот систем. Меѓутоа факт е исто така дека она што се случува и во политичкиот и во судскиот систем во Република Македонија најмалку оди во прилог на градење на доверба и влевање на доверба кај граѓаните во Република Македонија дека системот функционира беспрекорно и дека граѓаните можат да имаат доверба во него.

Ќе почнам со судскиот систем.

Како да имаат доверба граѓаните ако министерот за правда надвор од сите законски решенија смета дека треба да се продолжи мандатот на претседателот на Судскиот совет за една година и покрај тоа што ги исполнува условите за пензија. Судскиот совет не е орган кој може да одлучи, кој е работодавец на претседателот на Судскиот совет и може да одлучи за едно вакво прашање. Кога имате јасен сигнал од Владата која треба најмногу да работи на градење на доверба и да биде пример за тоа како функционираат институциите во системот, не можете да очекувате сликата во граѓаните да се поправи преку ноќ. Заради тоа што сигналот е многу јасен, станува збор за потег кој де факто многу експлицитно наведува дека станува збор за други прашања меѓу кои не е исклучено прашањето за корупција и борба против корупцијата и начинот на кој таа треба да се води. Имплицитно става до знаење дека претседателот на Судскиот совет е продолжена рака на владеачкото мнозинство и наместо да имаме неселективна борба против корупцијата тој треба да остане таму уште една година додека може за да манипулира со одредени случаи, за да манипулира со одредени позиции кои треба Судскиот совет да ги има, а кои треба да одат во прилог на Владата или треба да задскрие и да заврши одредени работи и задачи кои ќе ги добие од Министерството за правда или од Владата на Република Македонија.

Ние можеме да донесеме идеален закон за спречување на корупцијата, меѓутоа, со ваквите потези ние практично ги анулираме сите решенија, сите добри определби, сите заложби кои ги имаме и како граѓани и како политички фактори за вистинска и реална борба против корупцијата и криминалот.

Одиме понатаму.

Корупцијата го загрозува економскиот развој. Да, се согласувам. Меѓутоа, Владата и покрај сите можни кампањи за борба против корупцијата која етикетираше цели професии, универзитетски професори, судии итн., стана пример за тоа како се продуцира криминалот и како корупцијата може да го загрози економскиот развој на државата. За тоа еклатантен пример е продажбата на ТЕЦ Неготино за која Владата три месеци криеше кој е оној кој навистина ја купил, три месеци криеше дека станува збор за анонимна бугарска фирма на татко, мајка и син, не сакаше да ги објави деталјите околу начинот на кој е направен изборот во тендерската постапка се до оној момент додека СДСМ не изврши толку голем притисок за да на крајот излезе дека станува збор за криминална продажба, да излезе дека Стејт департментот реагира, има приговор на начинот на кој е извршена продажбата или изборот на купец за ТЕЦ Неготино, што за прв пат се случува во историјата на Република Македонија.

Како ќе очекувате вие да нема корупција во пониските ешалони кога Владата ја промовираше корупцијата како критериум за избор во тендерска постапка за продажба на еден од крупните објекти, а тоа е ТЕЦ Неготино во Република Македонија. Како ќе очекувате да нема корупција

во пониските ешалони кога Владата промовираше корупција како еден од главните критериуми за избор на продажба на земјиште кај Рамстор и тоа на членови блиски до фамилијата. Значи, Владата би требало да биде пример за начинот на функционирање за останатите граѓани, требаше да биде пример за тоа како се вршат тендерските постапки и јавните набавки, не смееше да си дозволи да има ниту една дамка во нивното изведување и врз основа на тоа имаше апсолутно право да се потпре на кампањите за борба против корупцијата, меѓутоа во спротивно на начинот на кој функционира оваа Влада, начинот на кој продуцира криминал и промовира корупција како единствен критериум за извршување на јавните набавки и за функционирање на фирмите кои придонесуваат за економскиот развој на државата, Владата де факто си ја исече гранката на која што седи и со ваквите потези фактички призна дека Владата не е реално заинтересирана за вистинска борба против корупцијата и организираниот криминал, туку напротив, преку апсењата за десет евра, за 15 евра итн., за што ќе кажам сепак сметам дека е криминал, меѓутоа, тенденцијата на Владата, намерата на Владата беше преку такви ситни апсења, преку јавно притворање со лисици на луѓе кои се обвинети, меѓутоа сеуште не се осудени, практично правеше параван зад кој сакаше да го задскрие криминалот и корупцијата што таа ги продуцира. Се до оној момент додека не дојде ТЕЦ Неготино и кога благодарение на СДСМ излегоа јавно на површина намерите на оваа Влада.

Затоа имаме проблем со странските инвестиции, затоа имаме проблем да привлечеме странски инвеститори, меѓу другото тоа го напомна и Сем Вакни кој беше советник на господинот Груевски кој револтиран од начинот на кој функционира оваа Влада реши јавно да проговори за криминалот и корупцијата кои се промовираат од оваа Влада во една статија во меѓународно списание која ја видо и прочитаа милиони луѓе во светот, а кое, за жал, е сосема спротивно од кампањата “инвест оф маседониа” за која оваа Влада потроши огромни средства.

Одиме понатаму.

Европската интеграција.

За Европската интеграција точно еден од критериумите е сериозната борба против корупцијата и организираниот криминал. Тука може да се забележи напредок во извесна смисла, меѓутоа, прашањето е до кога тоа ќе трае. До кога ќе се толерира ваквото однесување на Владата кое неминовно ќе биде забележано заради тоа што од нас не се бара селективна борба против корупцијата и организираниот криминал, туку напротив, се бара комплетна и вистинска борба против корупцијата и организираниот криминал без разлика на тоа за кого станува збор. Меѓутоа, Владата и тука падна на тест.

Владата ја промовираше борбата против корупцијата и организираниот криминал се до оној момент додека не се стапна на жуљ на Владата. Се до оној момент додека не се проговори за становите на мајката на Груевски, се до оној момент додека не се проговори за имотнит лист на братучедот на Груевски Мијалков, се до тогаш слушавме декларативни определби и лекции за тоа што би требало и како би требало да функционира. Меѓутоа, во оној момент кога беше лично засегната и во оној момент кога Владата требаше да го положи тестот дека нејзината борба за корупција нема политичка припадност, нема етничка припадност, туку напротив е подеднаква за сите граѓани на Република Македонија, Владата на Република Македонија падна на овој тест.

Антикорупциската комисија падна на овој тест и ние можеме да изгласаме уште милиони измени на Законот за спречување на корупцијата кои ќе одат уште понатаму за уште повеќе мерки кои ќе ја спречат корупцијата, меѓутоа, кога Антикорупциската комисија не ги спроведува и не ја врши одговорно својата задача, се пропаѓа во вода. Ако Владата на Република Македонија е селективна и нема храброст да се соочи со корупцијата и криминалот во своите редови и да ги осуди нив, да ги спроведе во лисици како што тоа го правеше со сите други претходно во изминатата година ипол, се пропаѓа во вода.

Јас ќе бев среќна доколку претседателката на Антикорупциската комисија беше присутна тука и не информираше од кои причини селективно се применува Законот за борба против корупцијата за различни граѓани. Заради тоа што нема аргумент, нема законска можност со која Антикорупциската комисија може да ги убеди граѓаните на Република Македонија дека некој може да си дозволи 9 месеци да не пријавува анкетен лист со својата имотна состојба, а да остане несанкциониран, согласно законот. Тоа не може да важи само за пратеници, за господинот Неждет Мустафа, за господинот Лека итн., не може тоа да важи само за одредени други јавни функционери кои не го направиле тоа на време, кои задоцниле можеби само еден ден, а за некој што задоцнил 9 месеци да се бара изговор во некаква внатрешна процедура која воопшто не е во согласност со законот. Тоа е паѓање на тестот за искрена борба против корупцијата и организираниот криминал.

Јас би сакала да апелирам Владата да размисли не само за овие решенија кои, се надевам ако ги прифатите нашите амандмани, ќе бидат подобрени, да размисли за други решенија кои ќе придонесат за борба против корупцијата и организираниот криминал, меѓутоа, да се обврзе дека сериозно ќе ги почитува заради тоа што една од клучните забелешки во Извештајот на Европската комисија не беше не носењето на закони, туку беше носењето на закони набрзина и уште повеќе лошата имплементација на

законските решенија. Верувајте ми дека тука можеме да имаме сериозни забелешки. Меѓу другото и за овие случаи што ги спомнав во претходниот период.

Мојата порака е, почитуван министер, да немате селективна примена на законите, да обезбедите еднаква примена на законите за сите граѓани на Република Македонија. Тој што учествувал во корупцијата, тој што учествувал во криминалот да одговара пред, согласно законот, без разлика на која политичка припадност припаѓа, без разлика на етничката припадност, заради тоа што само така можеме да изградиме здрави институции кои ќе функционираат независно, кои ќе функционираат без политички притисок, само на тако вначин можеме да го подобриме имиџот на Република Македонија во меѓународната јавност. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господинот Тале Герамичиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе, почитуван министер.

Дозволете на кратко да ги презентирам своите размислувања по однос на текстот на Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата.

Најнапред, субјективно, доколку го гледаме самиот процес на започнување на дебатата, симптоматично е зошто Предлог законот е даден во јуни месец 2007 година, а за него расправаме, без малку после 7 месеци. Не велам дека е така, но предизвикува можеби субјективни сомневања зошто е направен намерен привид во дефинирање на терминот кога да се започне оваа дебата и кога да се направат овие измени и тоа кај нас, можеби, објективно или субјективно предизвикува одредени сомневања, имајќи ги предвид сите оние афери или полуафери кои се јавија во поглед на практицирање на власта на актуелни членови од владиниот состав на чело со премиерот, или испитување на имотната состојба од страна на Комисијата за спречување на корупција.

Претходната говорничка, колешката Грковска, даде одреден преглед на сомневање за нееднаквиот аршин за пристапување на членовите на Државната комисија за спречување на корупција, или во слективната примена. Јас немав намера да се повторувам во овој дел. Јас ќе се обидам со еден инжинерски речник, не сум правник, за жал, да предизвикам дообјаснувања од страна на министерот, се разбира доколку тој има желба да даде одредени објаснувања на овие пет члена кои се изменуваат во законот и кои кај нас предизвикуваат одредени дилеми или сомневања.

Да почнеме со членот 1 во кој, во постапката од став 1 на овој член вели “лицето е должно на Управата за јавни приходи да и ги презентира доказита на изворите на средства од кои е стекнат имотот и средствата со кои располата лицето и членовите на неговото семејство”.

Сега кај мене предизвикува дилема времето, временскиот пресек, кога оваа активност УЈП треба да ја реализира. Значи, ако едно лице стапи на одредена функција, дали тоа значи дека ќе започнете, УЈП ќе почне интерна истрага, внатрешна истрага за, без малку, целиот негов професионален работен век, или ќе се ограничи, како што ние предлагаме, во текот на мандатот на извршување на таа функција и се разбира можеби и по истекот на тој мандат, бидејќи тогаш можат да стекнат одредени бенифиции кои ќе ги прикажат после завршување на мандатот. Значи, тоа намерно го отварам како проблеми, бидејќи се можни сомневања за започнување на лов на вештерки, лицето кое е под сомневање да биде претходно во јавноста скенирано преку давање на разни информации до медиумите и после докажување, не велам само од страна на опозицијата, тоа се случува и за актуелните членови на Владата, во позиција. Значи и после докажување на потеклото на имотот да се заврши постапката. Што е со нарушениот углед што лицето ќе го добие после силното презентирање на наводните докази или сомневања во медиумите, или ќе се започне, значи, доколку лицето претходно имало професионален работен век со подолг стаж, тогаш ќе се започне пред 20 години УЈП да му бара податоци за висината на средствата што ги примало лицето. Ако станува збор за повозрасна особа, знаете ли во какви турболентни времиња живеевте. Во бифша Југославија, едноставно инфлацијата од ден на ден се менуваше. Имаше луѓе за кои знам, колеги од факултет, професори или други лица кои многу вешто ги предвидуваа инфлаторните движења и можеа да купуваа или да продаваа добра во кои разликата од два до три дена драстично се менуваше. Значи, пак се поставува прашањето колку временски длабоко ќе навлезе УЈП во скенирање на имотната состојба односно приходната страна на лицето чија имотна состојба се скенира. Затоа ако има добри намери Владата односно министерот, Министерството за правда, зошто не си внесе одредба во текот на мандатот на тоа лице, или по истокот на тој мандат во одреден временски перод од 5 години, од 10 години, не знам колку. Вака, јас поврзувам, со сите оние силни натписи, Владо Димов, Борче Петровски, имотна состојба ваква, онаква, толку куќи.

Понатаму, самата УЈП настапи транспарентно, во едниот случај со Владо Димов кажа одредена сума што обичниот човек го боли глава, едноставно не може за цел животен век ни 10% од тие средства да соберат, потоа самата ретерира. Значи откако лицето беше навистина извалкано и од оваа собраниска говорница често пати се говореше, да се ретерира од страна на УЈП која ја преполови сумата на која треба да се плати данокот.

Понатаму, во медиумите, во однос на овој член читаме дека 70% ќе биде оданочена вредноста на имотот, а законот уште не е донесен, или се претпоставуваше дека ќе треба да биде донесен. По кој основ УЈП, можеби претпоставуваа дека ќе се донесе законот, но во медиуми, почитуван министре, се излегува со веќе изречени ставови и констатации. Тоа е недозволиво. Вие сте еминентен правник со долгогодишно искуство. Каде е презумкцијата на невиност, каде е тајноста на водењето на постапката, додека не се заврши да не се излегува во медиумите, или тоа се користи за политички цели. Значи, сакаме сега да го подобриме квалитетот на законот со измени и дополнувања, или пак сакаме да постигнеме некои политички ефекти од примената на законот. Оправдано е нашето сомневање.

Значи, во овој член ние предлагаме, јас би ве замолил доколку чувствувате потреба да се изјасните, да се врзе со временски рок, во времето на мандатот или после завршувањето на мандатот, како што е во најголем дел од развиените земји. Во САД го испитуваат ли потеклото на имотот на Џорџ Буш во однос на дивидентите, акциите, што ги имаат со нафтата итн. Можеби медиумите пристапуваат кон тоа, но ако започнеме на тој начин, тогаш треба да бидете свесни дека ја отворате пандорината кутија, бидејќи ова нема да се заврши вака, може да дојде до промена на власта во која новата власт ќе започне хајка години наназад, 30 години, 40 години, испитување. Ќе се сведеме на држава само на продуцирање на афери, полнење на медиумите со сензационалистички вести што на крајот ќе испадне дека не се точни, ама угледот на тие луѓе, довербата во нив, бизнисот кој го работат трајно ќе им биде нарушен, ќе започнат судски постапки против државата за нарушениот углед и нарушената бизнис клима во однос на неговата фирам која ја води. Затоа прифатете ја оваа сугестија.

Понатаму, во членот 2 вели: "Ако во постапката за испитување на имотот и имотната состојба не се докаже дека имотот е стекнат или зголемен како резултат на примања што се пријавени и одданочени, Управата за јавни приходи ќе донесе решение за одданочување со персонален данок. Основата за пресметување на данок претставува разликата меѓу вредноста на имотот за време на стекнувањето и докажаната висина на средствата за негово стекнување. Данокот на непријавените приходи се пресметува по стапка од 70%".

Оваа измена на членот, прочитав дека сте биле предизвикани да го промените заради одлуката на Уставниот суд, ако не се лажам.

Исто така, се поставува прашањето, значи УЈП работи, си спроведува свои активности. Кој треба да го докаже потеклото на средствата за стекнатиот имот, лицето кое е под сомневање, или пак УЈП треба врз основа на својата база на податоци да го докаже тоа. Симптоматично е на кој начин ќе се чита овој член, ако се усвои и дали тој е предмет на идна опсервација на Уставниот суд заради нарушените човекови права кои со Устав се загарантирани, или еднаквост на граѓаните пред законот и дали ќе се поведат идни претпоставени судски спорови од страна на лицата кои ќе бидат скенирани од УЈП и без предметно ќе им бара да докажуваат пред 30 или 40 години како платата им се движела или како ќе се постапува во случај кога тие не ќе можат да изнајдат соодветна документација со која ќе докажат потекло на средствата за одреден имот. Дали на тој начин ќе се пристапи, значи ќе започнат масовно да користат одредени споредни лавиринти во законите за воспоставување на механизам за наследство, па ќе се отворат нови наследства што претходно, во минатото не биле регистрирани, а знаете дека и тука се измени регулативата односно во коа база на податоци се чуваа, во кои книги се чуваа тие податоци и како Катастерот до сега бил ефикасен и успешен во тој дел на издавање на имотните листови. При делбенот биланс, да ви кажам податок и самите го знаете, кога сте работеле како член на Државната комисија за спречување на корупцијата дека државен имот со кој располага Република Македонија, при делбениот биланс или при децентрализацијата од петни жили настојуваа одредени минисерства или државни институции да ги докажуваат преку барање на соодветни имотни листови и не можеше да се докажат, значи за училишта, при денационализацијата, при некои други постапки. Значи, самите како Влада видовте дека Катастарот е рак рана во претходното работење на оваа држава. Значи, можни се и објективни причини при кои лицето не ќе може да ги докаже изворите или сопственоста на имотот, како го добил. Затоа предлагаме, исто како и претходниот член да се ограничи временски, значи да се направи некој пресек. Нашиот предлог е во време на вршење на функцијата, значи во реализацијата на амандманот, што му го дала функцијата на која е избран, или после одреден период. Тука можеби би требало да се направи корекција.

Третиот член кој е симптоматичен, член 5 кој вели: "Тој кој на барање на Управата за јавни приходи, во определениот рок не ги достави бараните информации за утврдување на фактичката состојба за одданочување, ќе се казни со казна затвор од три месеци до една година".

Јас на почетокот се оградив, не сум правник, па еве како на лица од техниката вие како правник објаснете ми, зошто има двојнот во казнувањето. Ако се утврди дека лицето нема покритие за стекнат имот во членот 2, за кој дебатирав пред малку, кажавте дека данок на непријавените приходи се пресметува по стапка од 70% и тој ќе биде казнет на тој начин еднаш. Зошто сега донесувате нова казнена одредба, казна затвор од три месеци до една година и дали е тоа пракса во други европски држави, дали сте направиле компаративна анализа на сличен закон кој во другите држави се практикува. Дали размислувате

за ефектот кој ќе го согледаме сите во крајна линија и јавноста, при реализацијата на вакви законски решенија и дали и тука нема политизација или претпоставка за политичка хајка, преку селективна примена на законот што во овој момент ќе се врши врз опозиција или членови на оваа заедница кои ја помагаат опозицијата на материјален или на друг начин, значи за вршење на перманентен политички притисок и дали тоа, повторно ќе ја кажам мојата констатација, е повторно отворање на пандорината кутија што со евентуална смена на власта повторно и повторно новата гарнитура на истиот начин со истите принципи ќе прави политички реваншизам со примена на овие членови. Но, повторно сега да се вратиме на актуелноста што СДСМ перманентно ја искажува, потеклото на имотот на мајката на премиерот, како таа ги докажала приходните за купување на трите станови кои се пријавени итн. Ние како опозиција немаме увид дали транспарентно УЈП ќе ги достави набавените документи што јавноста ќе може да се види или во крајна линија поднесувачот на предлогот за скенирање на предогот за скенирање на состојбата на лицето кое е осомничено дека надвор од законот го стекнал тоа. Што е тука со Агенцијата против перење на пари, како таа ќе биде вклучена во овој дел и дали нема одредена политизација или селективен пристап и во нејзиното работење.

Сега јас пак ќе ви кажам како инжинерски го читав овој закон. Некои состојби навистина се нелогични, освен ние го толкуваме дека е можно, значи со ова се отвора можност оваа политичка гарнитура да спроведува силен политички раваншизам и хајка против членови на опозицијата со селективна примена на овој закон.

Јас би ве замолил доколку чувствувате за потреба, да дадете одговор на некои прашања што ги поставив како дилеми што се јавуваа кај мене. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

На ред за збор е госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Господине претседателе, дали можам да замолам, со оглед на многу краткото време што остана за моја дебата, да продолжам по паузата.

**Љубиша Георгиевски:** Секако дека ќе си продолжите но да ги искористиме овие 6 минути, ако немате ништо против.

**Весна Бендевска:** Во принцип, секогаш сте се однесувале поинаку.

**Љубиша Георгиевски:** Не, не. Ако немате ништо против, велам. Ако имате сега ќе дадам прекин за ручек па после ќе зборувате. Јас само прашувам, некој преферира да почне па после да продолжи.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Давам прекин за ручек.

Продолжуваме со работа во 14,55 часот.

(Претседателот ја даде паузата во 14,55 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,10 часот)

**Благој Зашов:** Ги молам пратениците да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Господа пратеници продолжуваме со работа.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Денес на дневен ред е Предлогот од страна на Владата за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата. А корупцијата подифолд е појава која може да ја извршуваат исклучиво припадници на власта. На извршната власт. Индивидуи кои раководат и управуваат со буџетски средства на граѓаните. Случајно или не, коинциденција и намера. Овој закон, Предлог-закон за измена и дополнување Владата го утврдува на својата седница на 3 јуни 2007 година.

Во интерес на запознавање на јавноста морам да кажам дека јас и колегата Макрадули согласно Законот за слободен пристап на јавни информации на 8 мај минатата година до Антикорупциската комисија, или Државната комисија за спречување на корупцијата, поднесовме барање за увид во анкетниот лист поднесен од директорот за државна безбедност и контрола, господинот Сашо Мијалков. Ќе ми простите но ми се чини дека согласно Законот за слободен пристап до информации, во рок од 20 дена Државната комисија за спречување на корупцијата беше должна да одговори по нашето барање, односно да ни достави препис, фотокопија од имотниот лист, што во анкетниот лист, согласно овој закон, господинот Мијалков требаше да го достави. Примивме во законскиот рок барање, односно извинување повторно предвидено во Законот дека Државната комисија за спречување на корупцијата ќе ни достави со задоцнување од 15 дена. И тоа го стори. Ние почитувани колеги добивме анкетен лист со датум 14 јуни 2007 година. Повторно ќе се прашам случајно или не, коинциденција или намера, можно ли е нашето барање да било доставено на увид на Владата, со оглед на тоа дека се работи за близок роднина на премиерот, на претседателот на Владата и да сме поттикнале измени и дополнувања на Законот за корупција, што за жал, дури денес по седум месеци, откако Владата ја утврдила потребата за овој закон, да го донесе во собраниска расправа. Навистина очекував да најдам материјален доказ дека оваа Влада навистина, ќе стои зад своите предизборни ветувања. Дека ќе ја подобри легислативата која ќе овозможи сериозна борба против организираниот криминал и корупција.

Законот за спречување на корупцијата за прв пат во Македонија е донесен во 2002 година. Свои први измени доживеал во 2004 година, каде што, читам од материјал доставен од Влада се утврдило со одложена примена, која никогаш не доживеала бел ден, професионално вршење на

функција член на Државната комисија за спречување на корупција која е и обврска за пријавување на имотот, не само избраните и именуваните функционери, туку и сите одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи и сите други што располагаат со државен капитал. Тоа беше предмет на првата измена на овој закон.

Втората измена на Законот беше предложена од сегашната Влада, значи претседател е господинот Груевски, ја изгласавме во декември 2006 година, каде што повторно оваа Влада декларативно изјавувајќи дека ќе се бори против корупцијата, одби од Законот да почне да го применува она што беше прва измена. Повторно, согласно овој закон статусот на членовите на Антикорупциската комисија е непрофесионален. Ги плаќа државата, власта, користат буџетски средства. Тоа е најекалтантен пример дека не може да станува збор за комисија независна од политичко влијание. Затоа измените предложени и усвоени во 2004 година предвидуваат заради независност, заради сериозно почнување на битка против организираниот криминал и корупција, повторно господинот Маневски што предизвика и сериозна дебата во ова Собрание одби да им додели професионален статус на членовите на Антикорупциската комисија. Знаете ли кој беше резултатот? Сите корупциски скандали во последните 16 месеци, ги започна министерот за финансии со ставање потпис, грубо кршејќи го законот за јавни набавки, за набавка на 20 милиони евра мазут за потребите на ТЕЦ Неготино. Повторно скандалот со ОКТА. Невидениот до сега корупциски скандал околу скандалозниот тендер за продажбата на ТЕЦ Неготино, хотелската ОКТА, скандалозните потписи од страна на министерот Јанакиески во корист на новиот директор на МЕБСО, каде што на сред Скопје од една мала куќа се добиваат маркици за пет, 10, 15 пати поголемо здание. Набавката на струја, овој пат е легализирана со можност да се увезува во непозната количина, по непозната цена, во услови кога невидени хаварии во постројките за производство на електрична енергија, еден куп коруптивни скандали, за кои согласно овој закон требаше да реагира и управата, но најпрво Антикорупциската комисија. Молк. Повторно ќе се навратам на она што треба да биде алфа и омега. Нема да го заборавиме случајот имот на господинот Сашо Мијалков. Нема да го заборавиме дека согласно овој закон Сашо Мијалков беше должен во рок од еден месец по стапувње на фунцијата да го пријави својот имот, да го пополни анкетниот лист. Девет месеци Антикорупциската комисија молчеше. Има ли тогаш тело во оваа држава што ќе се занимава со борбата против корупцијата. Или борба против корупција ли е кога ќе се апсат пред камери, кога ќе се делат снимки од апсења од архивата на МВР исклучиво на неистомисленици. Тоа не е борба против корупција, тоа е борба против политички неистомисленици. И иако господинот Маневски навел дека основна причина на третата измена на овој закон е Одлуката на Уставниот суд, кој што ја избришал одредбата пазарната вредност на имотот да биде репер согласно кој ќе се одредува и висината на данокот на непријавениот данок, тоа не е точно. Вистината е новата одредба што ја предлага оваа Влада во членот 59-а, каде што предвидува ново кривично дело и казна затвор за оние физички лица и правни субјекти кои нема да постапат во определениот рок согласно Законот да достават документи за својата имотна состојба.

Господа, за кривично дело постои Кривиен закон во Република Македонија. Овој закон подисфолд треба да ја определува областа каде што сите вршители на функции кои располагаат со буџетски средства да бидат оневозможени во тоа. Односно, треба да се следи дали нивниот имот за време на вршење на функцијата нараснал толку многу што не може да биде покриен со средствата кои ги прима на име на плата или разни дурги начини. Тоа треба да биде уредено со овој закон. Кривичните дела треба да бидат установени од страна на државата. 16 месеци оваа Влада само посочува прст кон некој врз база на сомнеж, оставајќи му на лицето да ги изведува сопствените докази во корист на сопствената невиност. Еклатантно кршење на човекови права и слободи. Државата со своите институции предвидени со Законот, Управа за јавни приходи е таа институција која треба да ја следи со сите механизми што ги има власта во свои раце дали кај некој функционер, без оглед дали е од централно или од локално ниво, без оглед дали се работи за изборна или именувана функција, дали незаконски ги трошел парите на граѓаните во сопствена корист и се стекнал неправилно со сопствен имот. Но знаете дека во Република Македонија директор на Управата за јавни приходи е сопругот на вицепремиерката за евроинтеграции. И за што ние овде дебатираме? За кои независни тела? За кои тела кои реално ќе можат да се борат против корупцијата која длабоко е навлезена во сите пори од општественото живеење. Затоа господине Маневски овој закон и вчера во една реплика кон вас кажав е мртво слово на хартија се до оној момент, додека не се обебеди негова законска примена, ефектуирање на законските одредби кои до овој момент селективно ги врши вашата власт и се насочени исклучително со пресметка со политички неистомисленици.

Господине Маневски, ви ги читав сите ваши ветувања околу тоа што ќе прави оваа Влада кога ќе биде на власт. Ништо не направивте сериозно да ја сосечете корупцијата во корен. Ако вашата борба за корупција изгледа дека ако господинот Макрадули излезе и се посомнева во работата на Управата за јавни приходи, ги повика институциите со доказ дека анкетниот лист доцнел девет месеци и никој ништо не пријавил, дека во тој анкетен лист има огромен личен имот, и ако со тој сомнеж не повикал да се активирате, вие сметавте дека случајот Мијалков ќе го

решите, ако на Макрадули му ги чепкате и му ги барате личните сметки. Повелете, прочепкајте кај сите нас, но вие ветивте секој оној што ќе пријави случај на корупција ќе биде заштитен, ќе биде награден, ако ништо друго ќе биде награден дека бил совесен и активно учествувал во борбата против корупцијата. Вам ви фали во овој предлог уште еден член. Секој што ќе пријави корупција за функционер од ВМРО-ДПМНЕ тешко него. Ќе вршиме политички притисок врз него, ќе го малтретираме, ќе му се јавуваме, ќе му се закануваме. Не е тоа борба против корупција. Затоа не верувам. Закон имавме од 2002 година. Имаше измена во 2004 година. Нам ни треба неопходно на оваа држава независно тело, професионален статус на секој член кој нема да се плаши дека господинот Маневски е министер. Сосема спротивно. Господинот Маневски ќе се плаши од секој член. Се разбира, до колку има наоди за тоа. Господинот Мијалков нема да спие од ниту еден член од Антикорупциската комисија бидејќи задоцни девет месеци да го пријави својот имот, а не обратно, членовите да се плашат од господинот Мијалков. Погрешно се поставени работите. Погрешно во поглед на неприменувањето на одредбите од Законот. И ако овие одредби се мртво слово на хартија, тогаш вашите ветувања се лук и вода. Гола вода што вели народот. Жал ми е што во вчерашната реплика господине Маневски не ви кажав, бидејќи сте член на оваа Влада, на институтот молчење на администрацијата, ќе парафразирам, молчењето на министерот значи две работи. Немање аргументи против оваа дебата од страна на опозицијата. Немање аргументи, односно немање докази дека оваа Влада сериозно сака да се нафати со борба на корупцијата на сите нивоа и во сите редови. Повторно ќе кажам криминалот и корупцијата не смеат да имаат политички пречки. Треба буквално од почеток до крај секој случај да биде проверен и секој случај да има своја завршница. Случаите со набавката на струја, со набавката на мазут, случаите со хотелската ОКТА, случаите со ТЕЦ Неготино немаат завршница. Имаат само, како што би рекол господинот Маневски, молчење на извршната власт и институциите под неа. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Бендевска.

Прв за реплика се јави господин Васко Шураров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани колеги.

Почитуваната колешка Бендевска својата дискусија ја почна со една мисла која што сметам дека треба да се демантира вели подифолд корупцијата може да им се случи само на луѓе од извршната власт. Во ниедна дефиниција на корупцијата, а се дефинира многу одамна, некј смет дека е постара и од најстариот завет на светот. Никаде не стои дека е тоа мама или случка само на извршната власт. Напротив, секоја функција или позиција на моќ може да се злоупотреби за лични или групни цели и да се манифестира во вид на корупција, значи, од секоја позиција на моќ. Корупцијата може да и се случи и има дефиниција за административна корупција. Администрацијата сите се обидуваме да кажеме дека не е исполитизирана. Значи, административна корупција. На судската власт или третата власт еден голем сегмент пред сите индексации на корупции се случува т.н. судска корупција. Значи, тоа не е привелегија само на извршната власт. Од сите инстатнци на моќ може да се случи корупцијата. Се согласувам дека е најсериоцен општествен проблем еден сегмент од организираниот криминал за кој што треба огромна политичка волја и од опозицијата и од позицијата за да се намали тој процент во кој што до 2006 година бевме меѓу петнаесете најкорумпирани змји во светот По таа индексација и минатата годиан во извештаите на Европската комисија ние сме за 20-тина скалила подолу. И сметам дека не е во право колешката Бендевска кога вели антикорупциската борба има политички предзнак и дека се однесува само на политички неистомисленици. Не сакам да кажам дека во огромни акции во борга против корупцијата имаме забележано политички неистомисленици. Сметам дека тоа не е фалба која денес треба да не води. Сметам во голем дел од нејзината дискусија навистина, манипулираше со одредени податоци. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Шутаров.

Со контра реплика се јави госпоѓа Весна Бендевска

Повелете госпоѓо Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Колега Шутаров, Закон за спречување на корупцијата член 1. цитирам, со овој закон се утврдуваат мерките за спречување на ккорупцијата во вршењето на власта. и во вршењето на доверени јавни овластувања., мерки за спречување на судир на интереси, како и мерките за спречување на корупција во вршењето работи од јавен интерес, сврзани со остварувањето на власта. Колега Шутаров не би коментирала со вас и не би демантирала. Повелете “Службен весник на Република Македонија” 20 април 2002 година, број 28. Дефинитивно подифол корупцијата ја поддржува власта. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Бендевска.

Со контра реплика се јави господин Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Благодарам потпрестедателе.

Денес кога го разгледуваме овој закон, повтроно ги слушаме тезите од страна на СДСМ, кои што се многу пати и многу често слушнати во изминатиот период и веројатно ќе ги слушаме и понатаму, а кои што се обидуваат црното да го направат бело

односно да покажат дека оваа владеачка структура, оваа владеачка партија и оваа Влада и ова мнозинство кое што се бори против корупцијата и тоа е факт, а тоа го кажуваат бројките, другите случаеви итн., во суштина не е така, туку дека самото е корумпирано. Тоа е како да докажувате дека црнец е белец. Тоа е невозможна работа. Ќе ви кажам зошто. Спомнавте неколку случаи кои што биле отворени во изминатиот период. Она што е факт за повеќето од нив СДСМ скоро и да не достави докази дека се случиле, едноставно дека биле така. И, нема никаква разрешница односно јавното обвинителство нема покрената обвинение, судовите ги немаат осудено тие луѓе, што значи практично немаме случај. Но, затоа имаме случај, имаме обвиненија, имаме пресуди во случаите со бачило, со ОХИС, со Судот во Кочани итн.,каде што врвни функционери на СДСМ од највисок ранк беа вмешани и одговараат, дел се веќе и на извршување на својата казна. Нормално, јас тоа не му го посакувам на никому, но се случува, го утврдил тоа обвинителот, го утврдил тоа судот, и согласно на тоа се одлучило. И, вашата омилена тема на која што јас уште еднаш ќе коментирам, на која што се обидувате да се налепите тоа е тн, случај околу анкетниот лист на господинот Сашо Мијалков, апсолутно не ви држат тезите. Ќе повторам зошто. Почнавте со тоа дека има нелегално стекнат капитал, за да стигнете до тоа дека само ненавремено го предал анкетниот лист. Почнавте со тоа дека има случаи, да завршите со три празни листа хартија доставени до Министерство за внатрешни работи.

Она што ве боли и она што ви е проблем е дека човекот се бори против корупцијата и против организираниот криминал дека Министерство за внатрешни работи е ефикасна како никогаш до сега се бори против организираниот криминал, кој што главо е раководен од структури блиски или од СДСМ кои што го првеа она што го правеа во изминатиот период. Така што, многу е јасно зошто е атакот тука, многу е јасно која е намерата, многу е јасно која е целта, но она што е факт е дека тоа не проаѓа во јавноста. Тоа не го говорат само анкетите. Тоа го говорат луѓето, тоа го говорат, расположенијата, тоа го говори она што секојдневно се случува. Благодарам.

**Благој Зашов:** И јас благодарам господине Николовски.

Контра реплика има госпоѓа Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Колега Николовски, не постои тн. случај Мијалков, туку постои и тоа како коруптивен случај Сашо Мијалков. Лично бев потпишана како прв барател за увид во Анкетниот лист. Затоа, не ми држете придики, ќе ви го раскажам.

На 14 јуни Сашо Мијалков со задоцнување од 9 месеци пријавил имот и нема а говорам за разните ставки, ќе говорам за купени акции во вредност од 300 илјади евра со датум од 14 јуни 2007 година. Тоа за вас е борба против корупција? Не, господине Николовски, колку што повеќе претате како во жива кал, а оваа Влада ја заврши својата триумфална борба против корупцијата званично во минатата година на 31 декември, отворајќи го најновиот коруптивен случај тн., ОКТА 2. Уште 18 месеци дозвола ОКТА да не труе со своите неквалитетни горива, а за тоа да биде наградена од џебот на граѓаните. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Бендевска.

За збор се јави господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, господине министре, колешки и колеги пратеници,

Навистина, човек се прашува дали има смисла воопшто да се труди да појасни некои работи или да придонесе за отворена слика за борбата против корупцијата кога од една страна имаме молк на Владата, имаме една партизирана Комисија за спречување на корупцијата, имаме пратеници кои упорно лажат овде во македонското собрание, штитејќи се зад собраниската говорница.

Друго е прашање зошто, повеќе од продедурален карактер парламентарното мнозинство се определи денес да не дискутираме за еден неевропски закон. Зошто кога премиерот Груевски на 26 јануари треба да рапортира пред НАТО министрите, а имаме незавршени работи, сеуште денес Парламентарното мнозинство се одлучува а зборуваме за еден закон без европско знаменце. Зошто таа инает политика да не се гласа законот за заштита на децата со Бадентер, затоа што досега два пати или три пати бил гласан, не доведоа до една ситуација празните ходови на тајниот договор помеѓу Груевски и Ахмети да се бајпасираат со некои закони кои што Владата ги планирала за јуни или не знам кога.

Има еден текст на интернет во кој што се вели, селекетивно спроведување на владеењето на правото и реваншизам. Денес новата Влада се вклучува во современ лов на вештерки, речиси целосно насочен кон членови на поранешната Влада.Според нашето мислење крајната цел на оваа акција е да се елиминира функционирањето на една политичка партија. Начинот на кој што тие ја спроведуваат нивната агенда е остаток од комунистичките времиња. Сметаме дека сегашната Влада спроведува селективна примена на владеењето на правото. Политичкиот притисок употребуван од новата Влада во никој сллучај не е ограничен на борба против корупцијата. Има бројни примери за финансиски инспекции спроведени во компании и ифирми за кои актуелната Влада верува дека се блиски до одредената политичка партија. Информациите од овие инспекторти сугерираат дека им било наредено да најдат нешто инкриминирачко, не е важно што. Јавноста е заморена од политичките махинации кои продолжуваат а се прават додека

тие страдаат. Економијата продолжува да опаѓа, меѓу етничките односи се доведени до точка на раскинување, а можностите на одминуваат Македонија ден по ден. Времето за такви ловови на вештерки е поминато и сега е време да се занимаваме со македонската економија. Ако сакаме да создадеме заздравувачки процес поради кризата од 2001 година и ако сакаме напред со привлекување на странски директни инвестиции, тогаш треба да ставиме крај на политичкиот лов на вештерки што е во тек, да го оставиме минатото зад нас и да се движиме напред. Така пишуваше Оливер Шамбевски и Влатко Ѓорчев во 2003 година.

Денес слободно го прочитав и веројатно никој не помисли дека ова го пишувале Шамбевски и Ѓорчев. Денес зборуваме за закон со кој што треба да се спречи корупцијата на оние што ги имаат полугите на власта, на оние што со влијание и со политички притисок заработуваат многу пари на сметка, на грбот на граѓаните на Република Македонија. Денес имаме измени на закон предложени уште во јуни кои што зборуваат и за анкетните листови, зборуваат и за пријавениот имот, така што ќе зборуваме на една отворена дебата за овие теми. Реков дека е многу тешко или дали има смисла воопшто да се зборува кога на едната страна имаме молчење на Владата, освен сликање групно во заложбите за борбата против корупцијата, но на дело немаме ништо, а од друга страна имаме една Комисија за спречување на корупцијата, која што е апсолутно во функција на власта. Јас со конкретни примери ќе кажам зошто е тоа така. А, да не биде дека само СДСМ зборува, ќе наведам два примери. Ова е барометарот за корупција за месец декември 2007 и познат како Бистро - Матно. Барометар за корупција кој што го создаваат како оценување главните уредници на националните медиуми МТВ, А1, Сител, Телма, Канал 5, Алстат, Канал 77, дневните весници и Бизнис, Вечер, Вест, Време, Дневник, Лајн, Утрински весник, Интернет весник, неделниците, Глобус, Капитал и Фокус. Бистро - Матно за декември вели “Најматен настан, Законот за енергетика”. На одличното трето место со 4 гласа е необјавувањето на податоци од страна на функционерите за тоа каде и колку поседуваат акции. Функционерите се должни да пријават не само колку акции имаат, туку и нивната вредност во која фирма ги поседуваат посочените акции, како и поврзано со други фирми. Случајот се актуелизира откако опозицијата објави дека директорот на УБК Сашо Мијалков во анкетниот лист кој го објавил со задоцнување од 9 месеци навел дека поседува и акции во вредност од 300 илјади евра, без да е посочено во кои фирми. Значи, ова не го вели СДСМ, на барометарот Бистро-Матно главните уредници на 20-тина највлијателни медиуми во Република Македонија тоа го оцениле дека, бидејќи Законот за енергетика е најкоруптивен во регионот, Сашо Мијалков успеал да се пробие само до третото место. Или пак, да видиме што напишал Транспарентност Македонија во месечниот извештај за декември 2007. Транспарентност Македонија констатира дека со неповедувањето на прекршочна постапка против Сашо Мијалков, директор на управата за безбедност и контра резузнавање, кој анкетниот лист за пријавување на имотната листа состојба го поднел после законски предвидениот рок од 30 дена, како и поради неподнесување на барање до УЈП за поведување на постапка за испитување на имотната состојба на именуваниот, Државната комисија за спречување на корупцијата не ја исполни својата законска обврска. Ваквото однесување на државната комисија за спречување на корупција во спротивност со член 47 од Законот за спречување на корупцијата, според кој Државната комисија е самостојна и независна во вршење на работите определени со закон. Ова предизвикува основани сомневања дека случајот со господинот Мијалков не е единствен, во кој Државната комисија за спречување на корупцијата не го применила Закнот, заради неисполнување на законската обврска за пријавување на имотната состојба од страна на високи функционери од власта. Во таа смисла не дозволиво е Државната комисија за спречување на корупција да применува двојни аршини во борбата против корупцијата, едни за функционерите од власта и поинакви за сите други. Ваквото континуирано недоставување придонесува за целосно губење на кредибилитетот на Државната комисија за спречување на корупција во јавноста. Траспарентност Македонија предлага согласно член 50 став 2 во врска со член 49 став 2 од Законот, пратениците во македонскит парламент, кои ги избираат членовите на Државната комисија за спречување на корупција и пред тоа, кои тие членови одговараат за својата работа, да побараат од Комисијата извештај за нејзиното постапување во случајот Мијалков.

И, управата за јавни приходи во случјот Сашо Мијалков покажа дерогирање на Законот за спречување на корупцијата, не транспарентност и молк, што е невообичаено за овој орган, кој јавноста во детали ја бомбардира за слични случаи, како и восок степен на синхронизираност со Државната комисија за спречување на корупцијата во забошотување на аферата. Управата за јавни приходи не ја исполнила својата обврска, член 36 од Законот за спречување на корупцијата, според кој мора дас поведе постапка за испитување на имотот и имотната состојба на функционер, кој не дал анкетен лист во предвидениот рок за тоа, 30 дена од денот на изборот согласно член 33. Ако не дал податоци или ако функционерот дал невистините или непотполни податоци, наместо постапување по Законот Управата за јавни приходи апелира за нејзино немешање во дневната политика, целосно изолирајќи се од јавноста, Транспрентност Македонија предупредува на двојните стандарди

на Управата за јавни приходи и на селективната примена на законите, особено изразена од раководните органи на управата. Во овој контекст Транспарентност Македонија смета дека се создадени услови за целосно преиспитување на законот за спречување на корупцијата и ја повикува да направи проверка на пријавените анкетни листови и да издаде упатство за соодветна примена.

Значи, така не зборува СДСМ, така зборуваат 20-тина медиуми во Република Македонија, така зборува Транспарентност Македонија. Ако сакате како зборува пак транспарентност нулта корупција, која што ја цитирате кога сакате, кога ви одговара дека сме го поместиле скалилото на корупција вели дека законот обврзува “да се пријави се во врска со акциите, вклучувајќи го и секое тргување со нив, секоја промена на состојбата со акциите од берзанските трансакции мора да се пријават. Функционерите го почитуваат тоа кога ги поднесуваа анкетните листови, мора да се спореди состојбата од времето на поднесување на анкетниот лист, со состојбата на крајот од мандатот”. Така зборува Слаѓана Тасева. Господинот Драган Малиноски, поранешен претседател на Комисијата вели, слична е ситуацијата и со уделите во фирмите. Не е доволно да се посочи дека некој удел има, туку во која фирма и колкав е уделот. Ако анкетниот лист, продолжува Тасева, не се достави на време, освен што се поднесува прекршочна пријава од УЈП се бара да се преиспита имотната состојба на функционерот што не го почитувал законот. Значи, не зборува СДСМ, зборува јавноста, зборуваат двете Транспарентности кои се одговорни за тоа во барометарот на светското скалило како котираме. Значи, нема говорот на Александар или репликата на Александар Николовски да се прати во Транспарентност, овој извештај ќе се прати или ќе се прати овој извештај, зависи која транспарентност ви е по волја или ја милувате. Значи, истото што се обидувавме една година дас ви го објасниме за Извештајот на Европската Комисија. Вие можете да не убедите дека е се идеално, ама Извештајот го пишуваат некои други, не го пишуваат владините функционери. Истото се однесува и на борбата против криминалот и корупцијата. Зарем мислите некој ќе поверува дека не сме доставиле докази, затоа што имаме печат од Министерство за внатрешни работи  на една страна само, господинот Николовски лаже во континуитет, бидејќи ја користи собраниската говорница. Но, јас очекувам кога ќе му докажам дека на еден човек на плоштад има пет згради, да се повлече од функцијата пратеник. Јас тоа го очекувам од него. Зарем мислите дека во некоја институција во Европската комисија кога ќе отидете, ќе ви кажат дека доказите треба да ги носат параинституции? СДСМ да ги прибира доказите? Значи, ние треба да се јавиме кај Сашо Мијалков и да му кажеме, слушај ти сега системот искористи го, за да си го пратиш лицето Сашо Мијалков. За што зборуваме? Механизмите се во рацете на власта на ВМРО ДПМНЕ. Ги спомнувате за ОХИС доказџите, кој ги носеше, ти ги носеше или Влатко Ѓорчев? Секако Министерство за внатрешни работи си ја бркаше работата. Кој ги носеше доказите за Петра Митева? Некј од пратениците на ВМРО ДПМНЕ? Верувам не. Си има институции што тоа го работат. Сигурно не си ги собирале сами од ОХИС, па ги носеле дас се пријават. Така, веројатно, функционира државата, за да имаа доверба граѓаните, а не да инсистира власта за паравоени и параполициски структури за да ние испитуваме сега. Не сме ние ВМРО ДПМНЕ да направиме Комисија Антикорупциска на чело со Ѓорѓи Наумов, кога се во опозиција. Значи, ние не прифаќаме параинституции. Ние сакаме да веруваме во системот. Сакаме да веруваме во овој јавен обвинител, без разлика што е другар со Сашо Мијалков и пијат кафе на два дена, пошто пие кафе и со неки членови на СДСМ по негово кажување. Сакаме да веруваме во системот. Сакаме да веруваме во системите, во институциите, а не Министерство за внатрешни работи  да врши хајки, а потпретседателот на Владата Ставрески одговорен за економски прашања во интервју за Нова Година во едно од достигнувањата за оваа Влада, за кој што верувам голем дел од министрите во Владата се посрамотиле, е тоа дека 30-ката ја вовеле. Па, тоа е економски доблесен момент на оваа Влада, на потпетседателот на Владата 30-ка што вовел? На кого се ситиме. На кого се ситиме и на кого им претиме.

Само кога не ги знаеме законите, тогаш ги тераме работите. И сега кога едната Транспарентност вели дека не е почитуван законот, другата Транспарентност вели дека не е почитуван законот, 20 уредници на сите медиуми електронски, печатени или веб велата дека тоа е спротивно на законот. Ние тука сме обвинети дека сакаме црното да го направиме бело. Не, белото си е бело и правдата како што се вели е спора, но стигнува. Сега зошто сме заглавени во целата оваа работа? Заглавени сме во целата оваа работа затоа што имаме Комисија за спречување на корупција која работи во функција на ВМРО-ДПМНЕ, која што долго време молчеше за овој случај и потоа се реши да излезе со интервју претседателката, инаку поранешен кога ВМРО-ДПМНЕ беше во опозиција, да ве потсетам, предводувач на штрајкот во Македонската телевизија за кое што беше соодветно наградена со позицијата претседател на Државната комисија за спречување на корупција.

Еве што вели во своето интервју во “Дневник”, Мирјана Димовска која што месец дена молчеше, но затоа сега ќе се позанимава со Љубиша Георгиевски и со Жарко Денковски за мобилните телефони, затоа што тоа е дел од политиката на Владата да се уништи се што е поврзано со Собранието. Значи, вие ќе кажете дека, еве има неселективност, па сега Државната комисија за спречување на корупција ќе се позанимава со

ВМРО-ДПМНЕ и секретарот, не знам, беше кај нас, сега е кај вас, не знам сега во овој момент каде е член. Ама тоа не го прави заради неселективноста, тоа го прави како институцијата Собрание да ја уништи, да ја сроза во јавноста наспроти Владата. И затоа викам, Мирјана Димовска е исклучиво во функција на Владата. Значи, Владата прави јавна објава за мобилни телефони, Собранието прави тендер, ама ќе ја испитува работата на Собранието. Затоа што е задачата на Државната комисија Владата да биде ок, ако има некој тука во Собранието кој што само треба да гласа, ние ќе го третираме него. Еве, што вели за анкетните листови. По законот, цитирам, поднесовме прекршочна пријава за 55 носители на јавни функции што не доставиле анкетни листови каде што се гледа дека не сака да се исполни обврската. И таму се пратениците Даут Реџепи Лека и Нежлет Мустафа. Очекував двајцата да се тука, да се побунат за селективноста што се води. Значи, Комисијата потврдува дека поднела 55 прекршочни пријави против пратеници, дел кои што не доставиле анкетен лист на време. И уште плус се жалеле на малата казна за господинот Лека бидејќи била само 10 илјади денари и затоа ќе ја обжалеле одлуката на судот, бидејќи не биле задоволни. Значи, бидејќи се работи за пратеник, ајде сега ќе ги уништиме Собранието, но бидејќи се работи за висок функционер на ВМРО-ДПМНЕ од Владата, ќе го сочуваме за да го чуваме изгледот на некорумпираност на Владата, мислејќи дека само ако се сликаме заедно, ако се сликаат заедно пред паното за борба против корупција ќе ги решиме работите. А во случајот на Мијалков, изгледа различен човек ги одговарал прашањата, бидејќи да го прочитал одговорот што го дала за овде, немал да го даде овој одговор за Мијалков. Овој случај селективно е исфорсиран во јавноста. Одговор веќе дадовме. Уште во март се обративме до органите и институциите во кои утврдивме дека има повеќе обврзници што не доставиле анкетни листови. Пардон, на прашањето за конкретниот случај анкетниот лист е добиен на 14 јуни. Значи, Мирјана Димовска потврдува дека е добиен на 14 јуни. Значи, да ги оставиме СДСМ, да го оставиме Транспарентност Македонија, да ја оставиме Транспарентност Нулта корупција, да ги оставиме 20-те највлијателни главни уредници во Република Македонија. Еве, да видиме Мирјана Димовска што вели. Листот е добиен на 14 јуни. Значи, таа потврдува дека законот е прекршен. Но, примарната цел е увид на јавноста во моментната состојба и можноста надлежните институции понатаму да постапуваат. Тоа ви е исто како министерот за внатрешни работи на Пакистан. Не е битно од што загина, Беназир Буто дали загинала од ударот со глава во камионот, како што Министерството за внатрешни работи на Пакистан се обиде да ја излаже јавноста, или ја убија со пиштол и со бомбаш самоубиец. Значи, ваквиот одговор на Мирјана Димовска само оди во тој прилог. Но, еве и тоа да е точно. Еве, сега за време на паузата симнав, или се обидов на страницата за Државната комисија за спречување на корупција да го видам анкетниот лист, како што вели Мирјана Димовска пред месец дена дека е објавен. Нема податоци. Или уште еден доказ за злоупотреба на службената положба на Мирјана Димовска. Немајќи како да избега некако во одговор на прашањето за судир на интереси наведува: работевме на 28 случаи и утврдивме судир на интереси на Владимир Здравев, при усвојување на измените и дополнувања на Деталниот план за централното градско подрачје, бидејќи како претседавач на Совет си гласал за енормно зголемување на локација која припаѓа на неговиот чичко и татко. Комисијата кој знае колку се мачела и собрала сила и му доделила жолт картон. Притоа во интервјуто Мирјана Димовска вели, побаравме со Советот на општина Центар да ја преиспита одлуката. Такво барање од Државната комисија за спречување на корупција до општина Центар нема стигнато, ниту пак Советот на општина Центар кој што, тоа Здравев треба да го направи, немаа закажано седница да го разгледува тоа што Државната комисија се обидува да ја лаже јавноста дека го направила. И сега ние треба да дебатираме за закон во кој што според амандманот на Владата вика, обврската за пријавувањето на имотната состојба, или изјавата за согласност за јавно објавување на податоците на имотната состојба на анкетниот лист, ќе ги избришиме. Бидејќи Комисијата тоа ќе го направи, па согласно законот за заштита на податоци итн, и ние треба да веруваме дека тоа во пракса ќе функционира. Мислам дека на сите во Република Македонија им станува јасно, за жал, тие некои што веруваат во системот на институциите ќе се борат за тоа. Има многу примери. Можам да го земам примерот на господинот Драги Павловски од Битола и неколку пратенички прашања имаше поврзано со тоа. Човекот веруваше во Законот за спречување на корупцијата, пријави корупција за директорот на РЕК,тогашниот Радивчев. Го избркаа од работа и човекот кој што како во програмата на ВМРО-ДПМНЕ мислам дека се вика сигнализатор кој треба да биде заштитен, тој е истеран од работа, но не само согласно програмата, туку согласно Законот за спречување на корупцијата. Сега ќе го прочитам членот. Членот 20 има посебна глава за заштита на соработниците на правдата и сведоци каде што не може да се презема казнено гонење, или се повика на каква друга одговорност, лице кое открило податоци што укажуваат на постоење на корупција. Јас не знам дали господинот Драган Павловски ги презел сите механизми. Јас ќе го преземам петиот став, четвртиот став за надоместок на штета за се она што во овој период сум малтретиран, се водат сите тие работи против мене за да ви покажам и докажам што се се случува од моментот кога јавно зборувавме за нешто што го потврдуваат сите уредници во Република Македонија, го потврдуваат двете

Транспарентности, го потврдува и госпоѓа Мирјана Димовска, дека е направено спротивно на законот. Се разбира, надоместок за штетата ќе ја дадеме во некои хуманитарни цели, или пак во купување на опрема за Комисијата за да се подигне Буџетот на Комисијата.

Се отвори една дилема дека СДСМ само укажува на задоцнувањето на анкетниот лист. Не, напротив, СДСМ ги чита законите, за разлика од оние што не успешно се обидуваат да ги бранат. И во член 29 од Законот пишува дека има забрана за стекнување на акционерски права. Значи, дефинирано е тоа на кој начин ќе се прави. И има законска обврска под став 2 дека за 30 дена мора да се објави и секоја акција која е истргувана. И затоа не за џабе на бистро-матно, случајот не е случај. Еталон стана Мијалков е на матно. Затоа двете Транспарентности отворено се бунат, затоа што не само доцнењето на анкетниот лист, туку она што е клучно, тргувањето на берзата на акциите не се пријавени после 30 дена како што е законска обврска. И не за џабе постојат земји во Европа каде што строго контролирано е акциите што ги поседуваат министрите, или оние кои што се во извршната власт, што да се прават. Има држави кои што им ги замрзнуваат, има држави каде што е забрането да ги тргуваат. Има држави каде што мора да ги отфрлат. Зависи, секоја држава различно го решава. Значи, има држави кои што различно го прават тоа. Ние имаме обврска секоја акција што ја продаваат или купуваат функционерите согласно закон да ја пријават. Акцијата е исто како стан. Значи, ние не велиме дека имаме стан, не велиме имаме стан од 109 квадрати на таа и таа улица и за тоа сите Транспарентности, сите невладини организации што се грижат за борбата против корупцијата велат: да, недоволно е да се каже само дека се има акции. Треба да знаеме посебно да видиме да не има удели во акции каде што државата има капитал. Јас дадов еден пример. Излегува Собранието на акционерите на македонски телеком и вели: "На барање на Владата дивидендата нема да ја делиме оваа година, ќе ја делиме идната година затоа што ни треба за избори. И малите акционери се бунат. И што прават акциите? 7,13% паѓаат другиот ден. Значи, ако некој има акции во македонскиот Телеком, а седи на седница на Влада и знае таа одлука што ќе придонесе. Тој ќе тактизира што да направи и ќе калкулира што да направи. И затоа не е точна тезата дека ќе настанале пореметувања ако знаеме во кои компании господинот Мијалков има акции. Напротив, посигурни ќе бидат граѓаните кога ќе видат штом Мијалкови има таму, купувај, значи, таа е компанија што ќе се билда и ќе расте. И затоа, законодавецот тоа го пропишал на начинот да се знае структурата, ациите и процентот во кои фирми за да се знае, да се открие она што е вистинското, дали има воопшто конкликт на интереси. Значи ова што го бараме ние да се воспостави е доимплементација на еден систем кој што имаме законска основа, не функционира, никој не го гони, затоа што УЈП, Државната комисија за спречување на корупција во овој мометн немаат капацитет и се владини институции што сакаат тоа да го направат. Затоа, единстено вака можеме да побараме да дојдеме до вистината за да знаеме што тоа и на кој начин се случувало. Ако ова помине, тоа ќе стане пракса засекогаш. Секој еден човек ќе напише функционер: поседувам акции. И потоа кога ќе заврши мандатот ќе рече: од каде ти се овие стан, кола, викендица, џипови. Па вели, од акциите. И затоа мора да се познава структурата и процентот на акциите за да може воопшто да се тргне во една постапка за проверка која што ќе ги заштити сите, затоа што има држави кои што дозволуваат тргување на берзата. Ние имаме полиберален систем, тоа што е добро, но затоа постои обврската за пријавување во рок од 30 дена, па да видиме дали се искористени некои движења на берзата или не. И затоа ние можеме да носиме многу закони, тоа го кажаа и моите колеги претходно што зборуваа, можеме да и дадеме и повеќе буџетски пари на Државната комисија за спречување на корупцијата, но фали политичка волја. Кога ќе правите договор на 31 декември што мислам дека 10% во Македонија ако веруваат дека е потпишан на 31 декември. Значи, вие директорот на черменот на ОКТА на 31 декември од јахтата ќе го донесете во Скопје. Таман работа. Па уште и тројца министри од оваа страна, бидејќи се плашат како со врзан потпис Ставрески, Трајко Славески и Вера Рафајловска, бидејќи секој сам се плаши, знаат што потпишуваат, па ајде тројцата со врзан потпис ќе се направат, дотерани еден час до Нова година, тие ќе потпишуваат договор за 40 милиони евра? Мислите дека народот во Македонија, ајде ќе му пуштиме 100 спота, па тоа ќе го забошотиме. Ниту 10% од граѓаните зарем мислите веруваат дека договорот е потпишан на 31 декември. Кога? Кога прославуаа, кога во вечерна тоалета беше облечена Вера Рафајловска за да го потпише договорот? Или пак после заради ќе ризикува черменот на ОКТА на 31 декември ќе доаѓа во снежни услови за да си ја пропушти новогодишната прослава, господинот веројатно уживал некаде. И мислиме дека така ќе ги направиме работите? На 1 август ќе ја продадеме ТЕЦ Неготино и Владата ќе организира обид за притвор на пратеник и другиот ден ќе излезе цела Влада и ќе рече, ќе ги зголемиме платите за 10%. И бидејќи не им помина тоа со платите на Владата, сега пак ајде пензиите, истото. Договорот со ОКТА ама тоа мора да се покрие со нешто. Досадно ни стана веќе, се навикнавме. Само сега треба да видиме што се планира од Владата, го нема Шамбевски и пијар организаторите што има за 8-ми март, 1 април и 1 мај. Тие се настаните што не научија оваа година дена, барем толку работи научивме. За време на празник се потпишува коруптнивна зделка, следи потоа масовно сликање на Владата со ветување за зголемување на плата или на пензија и

останува да видиме кои три структури останаа за осми март, први април и први мај и тоа е, после да одиме на избори таман со дивидендата од Телекомот што штета што излезе министерот Славески што ни ја вети во ребалансот на Буџетот за 2007 во јули месец, ама ќе стигне во 2008 година.

Затоа денеска ќе помуабетиме, нема да донесеме закон со европско знаменце бидејќи тој закон не е, ќе направиме уште некој механизам само за да го зголемиме политичкиот притисок кон неистомислениците, ќе си отвориме само простор да вршиме хајки, а како што ќе рече ВМРО-ДПМНЕ во 2003 година, се извинувам да бидам доследен и да цитирам од веб-сајтот на ВМРО-ДПМНЕ ова е извадено што го цитирав претходно, ако сакаме да одиме напред со привлекување на странски директни инвестиции тогаш треба да ставиме крај на политичкиот лов на вештерки што е во тек, да го оставиме минатото зад нас и да се движиме напред. Благодарам.

**Благој Зашов:** Ви благодарам господине Макрадули за говорот.

Мислам дека има неколку реплики.

Прв за реплика се јави господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Еве накусо сакам да отворам полемика или да реплицирам на излагањето на господинот Макрадули.

Мислам дека со години СДСМ настапува на еден сосема поинаков начин, тогаш кога е во опозиција. Инаку, сакам да го потсетам господинот Макрадули само на два случаи, дали на исти начин настапуваше тогаш, првиот пример е тогаш кога се тоа пронесе во јавноста или беше објавено дека претседателот на Републичкиот судски совет не го пополнил прашалникот за имотот, Ленче Софрониевска.

Значи тогаш во тоа време ниту од еден од СДСМ не слушнав дека треба било што да се направи, не повикаа на политичка одговорност, ниту пак ги повикаа другите државни институции, ниту пак ги вклучија, бидејќи има механизам да се провери имотот за да се види дали сите тие пишувања, можеби шпекулации, не навлегувам во тоа, се точни или не се.

Втор пример, кога неделникот “Фокус” објави меѓу другото дека господинот Бранко Црвенковски има десетици милиони евра или долари во некои странски банки, тогаш ниту еден од СДСМ не се потруди да каже дека оваа работа треба да ја истражат државните институции, Обвинителството, МВР, Финансиска полиција, Дирекција за спречување на перење на пари, туку оствија во тоа време оној што го напишал текстот да го докажува тоа дали е точно или не е, дури имаше и судска завршница, се разбира на штета на тој што го напишал текстот.

Никогаш за време кога беа на власт кога ќе се појави текст против некој носител на јавна функција од СДСМ, тогаш никој не го коментираше тоа од позицијата на власта. Сега инсистираат на нешто, меѓутоа, системот на СДСМ е познат. Тие многу добро знаат да презентираат одредени работи без било каков аргумент, да ги повторат пет пати, да платат некој да направи специјална емисија, да платат некој колумнист да го напише тоа, да направат прес конференција, да настапи во Парламент без било какви аргументи и факти, значи да дискредитира некого независно од тоа како ќе заврши целата работа. Постојано е присутен тој систем од нивна страна.

Мислам дека господине Макрадули тоа треба да се менува. Ако некој е обвинте, било кој, на било каква позиција, ако баравте Никола Младенов да понуди докази, ќе морате и вие кога настапувате во јавноста да имате конкретни минимум факти и аргументи за да обвините некој, бидејќи тој систем е познат секаде во светот за дискредитација на луѓето или дисквалификација, да го тргнете од политичка сцена ако ви пречи. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Трајанов.

Контра реплика за господинот Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Во непознавањето на Законот не можам во една минута да ги поучувам каде е проблемот. Сите примери што се дадени апсолутно се неточни, немаат врска со она што јас го зборував. Заради неподнесување на анкетен лист против тој член на Републички судски совет поднеле прекршочна пријава. Ние велиме зошто против овој функционер кој не поднел анкетен лист нема поднесено прекшочна пријава. Судската завршница, за сметките во “Фокус” имаше судска завршница. Јас реков ние во СДСМ сакаме да веруваме во судските институции. Мене на тужбите за хотелската “ОКТА”, каде што ме тужи Миле, Мијалков, Орце и компанија, јас ќе си ги донесам доказите. Ама во овој случај е обратна работата, тој треба во Управа за јавни приходи да докаже зошто од фирма за работа со алкохол има милион евра имот. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Сега за реплика се јави господин Владимир Ѓорчев. Повелете господине Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам потпретседтеле.

Мојата реплика се однесува на нешто што господинот Макрадули во континуитет го прави и гледаме какви се епилозите од тоа во јавноста. Епилозите во реалноста се никакви, затоа што е целосно невтемелено. Господине Макрадули, одржавте 20-тина прес конференции за Никола Груевски додека беше опозиционер, во време кога Петра Митева, вашата Петра Митева беше шеф на УЈП, во време кога вашиот адвокат на Чочоровска Љубомир Михајловски Џанго беше министер за внатрешни работи, кога вашиот претседател Бранко Црвенковски предлагаше

судии, обвинители, вашето парламентарно мнозинство ги гласаше и тн.

Значи во 2006 година половина година зборувавте за станови на Груевски и ништо не направивте, ништо не откривте, никаква спорна работа. Сега уште година ипол после изборите истата песма и со онаа гебелсовска сто пати повторена лага да стане вистина. Истото го правите денес со Сашо Мијалков, со Владимир Здравев и со ред други луѓе кои сте ги таргетирале и овие години сто пати ќе повторувате работи да ги оцрните нивните имиња и да имате некаков ефект во јавноста. Вие настапувате од тоа дека пуштена информација како што вие ги пуштате тоа значи како од седми кат да се расече перница, пушти ги пердувите од седми кат, нека паднат пердувите врз цела населба, а демантот за цела работа да биде да се собира пердув по пердув и тоа постојано го правите, ја обманувате смислено македонската јавност. Ако имате некакви докази, повелете донесете ги, а ако не, престанете веќе по 157 пат да ги кажувате овие работи. За Борче Петров, Владимир Димов и тн. јас имав слични настапи како вашите, но се покажа и се докажа со одлуки на државен орган кој и како бил во право.

Кога сме веќе кај советите и гласањата вие знаете, сите знаеме дека вие од 1996 до 2000-та година бевте член на Советот на општина Центар. Во тоа време дали вие гласавте за вашата зграда да и се даде маркица, да се премерува, домерува, поправа, доправа и тн. За двете куќи на Мирослав Грчев, на вашиот градоначалник од СДСМ и градоначалник на општина Центар, двете куќи кај Млин Балкан и на Водно дали гласавте да се зголемува габаритот, како да изгледа и тн. Кој е вашиот интерес во доградбата или пак премерите, домерите, цртање и доцртувања на вашата зграда, на вашиот градоначалник и на ред други работи. Кратко е времето, сега морам да прекинам, поминаа трите минути, но навистина има уште многу да се зборува. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Ѓорчев.

Контра реплика има господин Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Заради јавноста ќе кажам дека се што цитирав, цитирав од други луѓе, значи Мирјана Димовска вели дека Владимир Здравев има судир на интереси со гласањето на централното градско подрачје и Деталниот план “Мал ринг” и затоа му изрекуваме опомена. Тоа е госпоѓа Мирјана Димовска, претседател на ДИК. Транспаретност вели дека Мијалков не е единствен на кого Државната комисија не го применила Законот и изразуваме сомневање заради неисполнување на законската обврска. Слаѓана Тасева вели дека Законот обврзува да се пријави се во врска со акциите, функционерите мора да го почитуваат тоа и не е доволно да се посочи дека некој има удел туку во која фирма и колкав е уделот. 15-те главни уредници на електронските медиуми анкетниот лист и незаконската процедура ја ставиле во матно. Значи оставете го СДСМ, слушајте што зборува народот. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Макрадули.

За реплика се јави госпоѓа Виолета Ташева, повелете**.**

**Виолета Ташева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Макрадули Јани не пропушта прилика од оваа говорница да ги каже имињата на видни функционери на ВМРО-ДПМНЕ со лаги и шпекулации, користејќи се со невистини и во интерес на македонската јавност, но и вистината Макрадули, штом сте толку голем душебрижник и гледате што вели народот, зошто вие како советник на општина Центар во времето кога се носени плановите за кои овде дебатирате и лажете, не објасните на јавноста точно да знае дека вие ги гласавте. Кое ви е правото да се повикувате на мислење за кое вие сигурно знаете дека тоа не е така. Вие ги гласавте тие планови и з “Мал ринг” и вашиот претседател на општина Центар Ѓорчев кој е ваш кадар. Прстанете со шпекулации и лаги да ги злоупотребувате имињата и на Владимир Здравев и на господинот Сашо Мијалков.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Ташева

Контра реплика за господинот Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Ќе се обидам на комшиката на Здравев и на Груевски од еден од многуте станови нешто да одговорам.

Повторувам, претседателката на Државната комисија за спречување на корупција Мирјана Димовска вели во “Интервју” во 2007 година Владимир Здравев имал судир на интереси и при усвојување на измените и дополнувањата на Деталниот план за централното градско подрачје и затоа побаравме од Советот на општина Центар да ја преиспита Одлуката, што лаже Димовска само за ова, а на Здравев му изрекуваме опомена. Значи за настан што е во 2007 година. Со Груевски кога бев советник во општина Центар си донесовме нормален План на општина Центар, таму немаше од 22 метри на 29 метри подигнување и филатерии да правите од фамилијата. Тогаш се работеше нормално во Центар. Зборуваме за 2007 година. Изгледа на спратот таму каде што живеете има некој филтер за година. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Макрадули.

Повелете процедурално, имате три минути.

**Виолета Ташева:** Ве молам во иднина потпретседателе кога на лични основи се навредуваат пратениците колегата до крај да каже дека јас не само што сум комшивка во општина Центар бидејќи живеат посочените луѓе,

јас сум и негова комшивка бидејќи живееме на иста улица. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Повелете, но нека биде кратко.

**Јани Макрадули:** Јас се извинувам што го сфати колешката како навреда оти е комшивка до Никола Груевски. Мене би ми било чест да бидам комшија со премиерот. Се извинувам, веројатно Груевски ќе го сфати тоа. Благодарам.

**Благој Зашов:** И јас благодарам.

Сега има збор господин Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам потпретседателе, откривме кој не кого е комшија.

Имаме интересен закон пред нас денес, закон за спречување на корупцијата, односно измени и дополнувања, кој е интересен виза ви она што се случува во Македонија во изминатиот период. На почеток сакам да направам мало оградување, иако мислам дека нема да успеам целосно да го направам тоа од досегашниот начин на дискусија, заради тоа што имам чувство дека говорницата и Парламентот се претвораат, тука ја преземам и личната вина и одговорност заради мојот стил на говорење - во тело кое им суди на сите други, односно презема работи кои не се негови. Така станавме и обвинителство, павобранителство, адвокати, обвинители, судии, коментираме работи на ДИК и тн., практично говориме за многу работи кои се и не се делокруг на работа на ова Собрание, затоа можеме да дискутираме, но ќе се обидам во поголемиот дел од дискусијата да не дискутирам така.

Она што би сакал да кажам во однос на законот односно актуелната ситуација поврзана со корупцијата заради тоа што така се наметна темата и од тоа не би можело да се избега, не би сакал да држам теоретски трактат тука, е дека она што го имаме во моментот е дека имме апсолутно висока пенетрирана корупција во општеството во Република Македонија и од тоа бегање нема, тоа е факт. Тоа е така заради тоа што години и години, деценеии и деценеии наназад се случувало како такво, ги знаеме сите легендарните прикаски дека во комунизмот се живееше на потпис, големите директори кои што беа еднакви со сите останати заради тоа што сите беа еднакви, сите примаа исто и сите исто работеа, исто заработуваа и добиваа, некои беа поеднакви, со потпис одеа на одмор, со потпис добиваа куќи, со потпис добиваа станови, другите остануваа социјални случаи, за после тоа во текот на транзицијата да се претвори во ситуација кога јавно се говореше, особено во 90-тите дека до колку дел од луѓето од власта не ги подмитите не можете да завршите работа. Во тоа има голем број актери, знајни и незнајни јунаци, луе кои добро заработиле во изминатиот период, многу ги знаеме, многу повеќе не ги знаеме, луѓе кои практично се транзиционите херои на оваа држава, "црни транзициони херои".

Би сакал да кажам три бројки. Тоа е според перцепцијата за корупција на Транспаренс Интернејшел во 2005 година Македонија била на 103-тото место, што е апсолутно срамота, во 2006 година била на 104-тото место, во 2007 година била на 84-то место. Ако ме прашате мене, сите три бројки се катастрофа. И 103-то и 104-то и 84-то се апсолутна катастрофа за перцепција на корупција на една држава. Од вкупно 180 земји да бидете 104-ти или 84-ти е катастрофа, имајќи предвид дека 30 и неколкуте земји од Европа се сметаа за земји, за најразвиени земји со најнапредна демократија. Така што, апсолутно позиционирањето на Македонија е далеку од овие земји.

Но, она што е факт е дека 104 не е исто со 84 и дека е направен обид, направени се резултати кои придонеле да има поместување за 20 места. Велам дека и 84 катастрофално, би требало да биде 34 или 24, но во моментов е така заради тоа што од 104 веројатно многу тешко се оди на 24.

Зошто е тоа така, тоа е така заради тоа што има една болна вистина дека корупцијата практино е вкоренета во народот. Ќе ви дадам неколку едноставни примери.

Прошетајте било каде, кај било кој човек кој има мала работа поврзана со државата, дали е тоа да има мала продабвничка, дали е тоа да има мал бутик, дали му треба градежна дозвола, дали му починале родителите па треба со браќата и сестрите да направи оставинска постапка и да го подели имотот и тн., сите чувствуваат дека некаде некому нешто должат. Иако според Законот не е така, иако никому ништо не должат, иако со своите даноци ги плаќаат луѓето кои треба да ја завршат оваа работа.

Зборувам са најнискиот слој на граѓани, за едноставните луѓе за кои овие баснословни милиони, за кои говориме, овие случаи за кои говориме, хотели и тн. се мислена именка што веројатно не можат ни да си претставаат како изгледа.

Каде е разликата? Разликата е во тоа што ќе кажам личен пример, за новогодишните и божиќните празници имав повеќе можност да се среќавам со повеќе роднини, луѓе кои ми значат, луѓе кои се и во бизнисот и во некои други сектори и практично им е непоимливо, на пример, дека во Битола, поранешниот директор на Медицинскиот центар, не велам дека бил корумпиран или не, заработил за една година стан и кола, а дека сегашниот директор не заработил ни стан ни кола. Непоимливо им е дека, кога ќе одат во овој момент во општината, службеничката не им бара повеќе 100 грама кафе и бајадера, туку им ја завршува работата, не знам дали сака или не сака, но не го прави тоа и непимливо им е тоа дека пратениците од овој состав говорат за сите, и власта и опозиција, и од партиите и независните. Веќе ја немаат онаа перцепција за корунмпирани каква ја имале во претходните мандати. Веќе не постои впечатокот дека

пратеник после 4 години, особено во власта, треба да има огромно богатство за тебе, огромн и привелегии и тн.

Тоа се факти. Тоа е она што го говорат луѓето. Тоа е она што го чувствуваат луѓето. Тоа говори за одреден напредок. Не велам дека е идеален. Не велам дека е совршен, не велам дека драматично се промениле работите, но работите се менуваат.

Работите се менуваат, заради тоа што кога во 2006 година, еве, патував Охрид-Скопје, Охрид-Битола и тн., на патарината, редовно тетовски таблици поминуваа без да им се наплати, редовно камионите кои поминуваа пола-пола, а редовно на граѓаните кои одеа за Турција, значи турските граѓани кога се враќаа од Германија, таму ги има најмногу, поминуваат низ Македонија, на наплатните рампи им се земаше по 10 евра, им се велеше дека е тоа граница и дека е тоа гранична такса.

Ова ви го кажувам, заради тоа што ова е, практично, највулгарниот начин на корупција. Проблемот на Македонија е што во изминатиот период до 2006 година и тука не амнестирам ниту една влада до 2006 година, успеа да нивото на корупција го донесе на толку ниско ниво, што практично и комшии се корумпираат помеѓу себе за најбанални работи. Овој пример што ви го кажувам говореше за расипаноста на целиот систем и на целото општество. Или примери од типот дека во било кој медицински центар, до колку имате медицинска сестра која ви е блиска нема да платите, а до колку немате - ќе платите. Во било која можност до колку имате 300-400-500 евра ќе си поминете побрзо на операција, до колку немате, нема да го направите тоа.

Гледајте го “Сенки” на Милчо Манчевски, има многу интересни примери за целава работа.

И на крајот би сакал да кажам околу неколку случаи што се отворија и се затворија во 2006 година. Тоа е случајот “Бачило”, каде што за жал еден поранешен заменик министер беше осуден, велам за жал за државата, заради тоа што секогаш е жално кога највисоки функционери се огрешиле, односно кога највисоки функционери одговараат за сторено кривично дело, заради тоа што тоа говори за нив, но говори и за државата што ја воделе такви функционери. Се затвори случајот “Фиком”, односно јас не верувам дека е сеуште затворен, заради тоа што веројатно, во позадината на тој случај има или ќе има високи функционери од поранешната градска власт, на Скопје, од Министерството за транспорт и врски итн. Се затвори случајот “Чочоровска” со половина тој кокаин, се затвори случајот со Светиниколскиот суд, со Кочанскиот суд, со ОХИС, но се затвори и случајот со Министертвото за транспорт и врски кога Мирослав Ризински и Зуди Џелили кога побарале пари за да одобрат проект.

Така што, колку и да тврдам дека немале селективност, и да има е помала од сето она што се случувало претходно, заради тоа што е очигледно дека корупцијата толку навлегла и толку пенетрирала во сите структури, да практично постои во сите позначајни елити во Република Македонија.

И, постои уште една перцепција што се обидуваме да ја промениме. Тоа е дека во Македонија важеше и сеуште делумно важи правилото дека се успешни оние кои знаат да украдат, ама нема да ги фатат. Успешни во Скопје се бизнисмените, кои направиле криминал, а тоа го знае цел град, ги знаеме сите кога излегуваме во град, знаеме кои се луѓето, знаеме каде седат, со кого седат итн., но никој не успеал да го докаже тоа. Успешни се оние кои успеале да го изиграат законот, успешни се оние кои успеале да играат на работ на законот, успешни се оние кои од една или од друга политичка елита успеале, заради блискоста на власта, да направат тоа што за обичните луѓе е невозможно.

Тоа е тажната приказна што сеуште постои во Република Македонија, дека се успешни оние кои се манипуланти, а се неуспешни оние кои се чесни. Неуспешни се оние кои редовно плаќаат даноци, неуспешни се оние кои чесно си ја завршуваат својата работа.

И, за жал, тие луѓе во изминатите години, говорам до 2006 година, заради тоа што сега се обидуваме да ја промениме приказната, не велам дека е целосно променета, тие луѓе успеаја да креираат јавно мислење, станаа најголеми донатори на културни настани од типот на џес фестивали, на изложиби и тн., тие луѓе успеаја да креираат образовен процес, финансирајќи учебници, трудови, научни дела итн., на врвни професори во Македонија. Нивните деца успеаја да нивото, односно критериумот за успех го донесат на максимално ниско ниво и да покажат дека медиокритетството е единствен начин за успех во Република Македонија. За жал, тоа е она што и се случуваше во Република Македонија. Можеме да ги броиме и по имиња тие луѓе, можеме да говориме за сите тие луѓе, за жал голем дел од нив се етаблилрани господа кои сега креираат свест, јавно мислење, култура и начин на живеење во Република Македонија.

Оваа Влада се обидува тоа да го промени, тоа се обидува оваа владеачка гарнитура да го промени, прво преку уличниот пример, тргнувам од себе, од колегите пратеници, од министрите од ВМРО ДПМНЕ, од функционерите од ВМРО ДПМНЕ. Не велам дека сите до еден, до крајот на мандатот ќе останат чесни, не велам дека сите до еден до крајот на мандатот ќе успеат да одговорат на оваа приказна штоја поставуваме, но сум убеден дека најголем дел од нив ќе го направат тоа.

И, исто така сум убеден дека оние кои нема да ја испочитуваат оваа приказна ќе одговараат за она што го сториле. Затоа, за сите случаи што досега беа отворени би сакал да кажам една работа,

дека се надевам дека институциите ќе одговорат соодветно. Се надевам дека институциите ќе одговорат соодветно на она што е побарано од нив, но она што го кажав пред десетина дена, некаде после нова година и она што го кажувам сега е дека не треба да се обидуваме да правиме две работи:

Да ја претвориме говорницата односно Парламентот во судница, прво, и

Второ, неосновано да не вадиме обвиненија.

Затоа преѕска реков дека можете црното да го направите бело, односно не можете за црнец да докажувате дека е белец. Заради тоа што перцепцијата што се создава во јавноста е обратна од онаа што се обидува да ја прикажеме.

Второ, начинот и манирот на работа, да ние ќе го видиме Александар дека тој направил нешто, па после тој нека докажува дека не е така, е апсолутно штетно за целата политичка култура во Македонија, затоа што може да се претвори и веќе се претвара во стил на политичка борба што ќе не направи сите нас, апсолутно гнасни, апсолутно нечесни, апсолутно несериозни за ова што го работиме. И, рејтингот на сите нас, помеѓу луѓето, како политичари ќе оди надолу. Ќе почнат се понесериозно да не перецепираат и практично ќе им ја убиеме на луѓето и сопствената волја, вера и надеж во подобро утре, односно во промените што треба да се случуваат.

Затоа велам дека за она што се тврди треба да се има докажи. Институциите, апсолутно треба да работат. Но, ако некој излезе, ако некого обвини, треба за тоа да има докази, заради тоа е исто со она што го кажав и ќе го потврдам ќе го повторам, а тоа е следно, ако на тој начин, на пример, еве најспомнуван денес е Сашо Мијалков, не знам зошто, ако ние тврдиме дека имал нелегално стекнати средства, дека нелегално ги стекнал итн., за потоа да стигнеме само до тоа дека ненавремено го поднел анкетниот лист, за што, да се разбереме, Анкетната комисија треба да реагира на начин на кој што треба да реагира, тоа е исто како јас да ја обвинам Радмила Шеќеринска дека заработила 3 милиони евра додека била на власт, и да побарам пратениците на СДСМ да ја бранат.

Го кажав тоа и го повторувам како еден парадокс, како една парадигма на целата политичка борба по однос на корупцијата. Јас, еве, ја обвинувам Радмила Шеќеринска дека заработила 3 милиони евра, бујрум, пратениците на СДСМ нека ја одбранат.

Во ситуација кога само некого ќе обвиниме, а немаме ниту еден доказ за тоа е апсолутно катастрофална. Јас немам ниту еден доказ за тоа, но ја обвинувам затоа што на тој начин работиме и функционираме.

И на крајот, би сакал да отворам уште едно прашање, за кое што лидерот на опозицијата денеска говори во денешниот број на форум, од 11 јануари, 2008 година, а тоа е прашањето што го поставува новинарот зошто толку инсистиравме на решението во Законот за јавно обвинителство, со кое што досегашните обвинители ќе го задржат мандатот.

Една работа е факт од која што не можеме да избегаме дека во Македонија, во изминативе 16 години, за жал, не можеме да говориме за независно судство, за независно обвинителство, за независна интелектуална елита и за независни медиуми. Тоа, како поим, не постои.

За жал, јас ќе посочам директно, највиновни се поранешните структури, раководството на СДСМ кои успеаја до најниско ниво, до месна заедница да ги вулгаризираат работите, да ги партизираат работите и да единствениот начин на политичка битка се партиските војски, односно партиската мобилизација. И затоа е многу индикативно прашањето зошто СДСМ не дозволи да се преиспита работењето на јавните обвинители, односно зошто не дозволи, на тие лидерски средби, да имаме нов избор за јавни обвинители.

Зошто не дозволи, барем за луѓето за кои постои сомнеж дека се корумпирани, дека се креатори на една мафија што се создаде во Република Македонија, барем да видиме дали се такви или не се такви, ако не се такви да кажеме добро, се извинуваме, не биле такви. Ако се такви, да откриеме дека се такви.

Зошто не дозволи за еден од најмногу спомнуваните, Стеријо Зиков да поразговараме овде или на друго место и да видиме дали е таков или не е таков. Да видиме дали навистина постои влашка мафија во Македонија или не постои, дали е тој еден од корифеите на таа мафија итн., итн.

Зошто не дозволи да разговараме за обвинителите кои практично креираа цели богатства, цели кралства на одредени луѓе во Република Македонија. Не велам дека е така, но ова е сомнежот што постои во јавноста, а ова беше идеална шанса да го тргнеме од тие луѓе, сомнеж што ќе остане како горчлив вкус на устата до крајот на нивните мандати.

Зошто не дозволи за урбаните легенди од Велес, кои имаат големи хотели сега на Велешкото езеро, од Битола од Охрид, од Струмица, кои имаат големи деловни центри, кои имат големи куќи, кои имаат огромно влијание, зошто не дозволи за тие луѓе кои практично креираа еден паралелен систем да поразговараме и да се запрашаме што се случувало.

Ќе повторам, останува горчливиот вкус во устата дека една голема шанса барем за демистификација на овие работи, во име на членството во Европската унија, во име набрзиот напредок во НАТО, не се даде можност да се затвори.

Зошто, исто така, со опструкциите што ги имавме недозволивме да имаме непристрасни луѓе, да имаме, да речеме јавен обвинител кој ќе е странец за да не можеме да дискутираме на овој

начин на кој што дискутираме за господинот Шврговски итн. Некој, од овие работи и за година ипол не може да избега, но факт е дека работите драматично се менуваат, факт е дека перцепцијата кај луѓето се менува и нема да е добро се додека луѓето, кога ќе тргнат да си завршат оставинска постапка во суд, нема да мислат дека тоа ќе ги чини 200 евра мито, или кога недај боже ќе се разболат, прво се јавуваат по роднини за да обезбедат 400-500 евра, па после тоа да одат на лекар. Благодарам.

**Благој Зашов:** И јас благодарам господине Николовски.

За реплика се јави господинот Тале Герамитчиоски.

Повелете господине Тале.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван колега,

Вакви политички пирувети одамне не сум видел. Како ви одговара, така во вашиот говор изнесувате едни факти, а од други факти се оградувате.

Какви докази сеуште ви се потребни. Колегата Макрадули ги цитираше, тоа се невладини организации што се занимаваат со корупција. Ги посочи Сашо Мијалков и Здравев со изјави на луѓе кои се занимаваат со матни процеси на корупцијата.

Што направи Комисијата за спречување на корупција, кога утврди конфликт на интереси кај Здравев? Благо го укори. Се вцрви човекот од страм?! И, ништо, мува не го лази. Си седи на функцијата, ниту свикува Совет на општина Центар за да биде разрешен, ниту пак сноси некои последици.

Што се случува со самиот факт што претседателката на Комисијата за антикорупција кажува дека Сашо Мијалков после 9 месеци од законскиот рок поднесува анкетен лист во кој пријавува значителна сума и Управата за приходи молчи и кажува дека се е во ред, а транспарентно не го покажува тоа? Па, ви се молам, каде е тука еднаквиот аршин?

Еве, нека се точни констатациите што вие ги кажавте за минатите функционери и посочивте име. Каде е тука еднаквиот пристап? Што овој закон или измени на Законот ќе подобрат во тој поглед? Што ако институциите на системот откажат? Закаже во своите одговорности и надлежности по закон, како што сега се случува. Мнозинството стои зад нив во Прламентот. Не можеме да ги повикаме на одговорност. Или, еве, ќе ставиме точка на дневен ред и овде три дена ќе кажуваме за нивната неодговорност и пак ќе функционираат.

Не 84 место, не е ни важно. Што воопшто ќе се рангираме? Кога има крај на тие процеси?

Вие кажавте дека има оптимистички најави, дека се случуваат позитивни процеси. Зошто нема еднаков аршин кон сите бивши и сегашни функционери? Ајде сега кажете што по изјавите? Не се изјави на Јани Макрадули, изјави се на функционери, на невладини организации и на институција која е одговорна да даде таква изјава. Зошто тие луѓе воопшто не одговараат? Барем политички некој да ги повика на одговорност. Хипокризија.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Контра реплика има госпоодин Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам потпретседателе.

Ако пратениците од СДСМ, во своите реплики, не знам точно колку реплики има, се обидуваат да направат од мене некого да бранам, некого да застапувам, или некого обвинувам, тоа задоволство нема да го добијат. Тоа го кажав и додека говорев.

Сметам дека Парламентот не треба да е ни судница ни обвинителство, ни правобранителство. Едноставно треба да е место каде разменуваме аргументи.

Колку има наводи за господата што беа спомнати, институциите ќе реагираат. До сега дел се изјасниле, дел не се изјасниле и работите се такви како што се.

А, по однос на вашиот јавен настап, реченицата што ја кажав за Шешеринска ќе ја повторувам секогаш. Радмила Шеќеринска има три милиони евра стекнати незаконски додека била на власт. Бујрум, бранете ја. Тоа е вашиот стил.

И сега, треба од вас да барам докази дека нема? А јас немам ниту еден за да ги потврдам дека има. Тоа е начинот на кој што работите. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Николовски.

Реплилка има господинот Кондарко Борис, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам господине потпретседателе.

Пратениците од ВМРО ДПМНЕ и Владата не е свесна сеуште дека овој закон за спречување на корупција се однесува за власта. Затоа што власта е изложена, затоа што власта располага со државните пари, власта ги троши државните пари, власта склучува тендери, власта прави јавни набавки. И, се разбира, сето тоа нетранспарентно. Само што непрофесионалната Антикорупциска комисија тоа го прави селективно и пристрасно, затоа што ние, кога баравме да биде независна и професионална на оваа власт, тоа не и одговараше. Веројатно за да си има своја Комисија, како што имаше и партиска парадржавна институција во времето кога беше опозиција. Каде ви е сега партиската Антикорупциска комисија, кого ќе пријавувате? Сами себе? Мистер тендер или Сашо Мијалков?

Јас не знам против кого се борите и како мислите дека корупцијата исчезнала на 5 јули. Еве, ве прашувам, вие потврдивте дека Република Македонија е на 84 место. Зошто после 5 јули, кога дојде ВМРО ДПМНЕ на власт не исчезна корупцијата? Кај опозицијата е сеуште корупцијата? Или кај оној кој е на власт и кој управува со државните пари. Како што потрошивте 45 милиони евра за 10 дена, тоа е корупција.

Велите, имало влашка мафија. Не влашка, има во оваа држава, откако ВМРО ДПМНЕ е на власт ВМРО-вска мафија. Затоа што мафијата по дефиниција мора да биде во спрега или да има инсталации во власта. Затоа, мафијата барајте си ја во владата на Груевски.

Понатаму, товарот на докажувањето, знаете вие како правите, дадовте пример со трите милиони евра дека ги имала Шеќеринска. Ако сте вие на нејзино место и некој да ви го каже истото, како што пишувате во член 59 од Законот, ќе испадне дека веќе треба да ја докажувате невиноста. Ни крив, ни должен.

Државата е таа што ги има инсрументите, институциите за да ги провери работите. Во законска постапка да ги докаже. Значи, државата треба да ја докаже вината. Инаку, се друго е политички реванжизам, одмаздување, омаловажување, етикетирање итн.

Вие, наместо да зборувате за крупните риби, вие зборувате за некои кои сте ги уапсиле на патарина, со автоматски пушки, не баре во акција сте воделе борба со нив. Зборувате за 100 грама кафе и за бајадери, зборувате за медицински сестри. Покажете со прст на крупните риби. Тогаш ќе ви веруваме. И, ако оваа Влада е чиста, тогаш и Антикорупцискаста комисија и Управата за јавни приходи ќе го спроведува законот за сите подеднакво а не да врши политички реваншизам на политички на истомисленици.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Кондарко.

Контра реплика има господинот Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам потпретседателе.

Ние од прилика со колегата Кондарко сме на иста линија за многу работи. За Антикорупциската само една реченица, ако сметаме дека работи лошо поведете иницијатива, ќе видиме можеби ќе ја смениме.

По однос на ситните работи што ги спомнувате, јас и вие, ќе повторам, на иста линија и припаѓаме на иста група на ова општество заради тоа што Борис Кондарко за да направи кариера се трудел, се образувал, се надградувал, работел, читал, итн, ама затао синот на еден од оние кои ја злоупотребија власта или институциите или блискоста или обвинителите не го прави сето тоа и во моментот е над Борис Кондарко или над Александар Николовски.

Зборувам за тие вредности кои се создадоа во ова општество кој го гризаат ова општество од внатре и кои сериозно му се закануваат да го уништат. Против тие вредности се бориме и тие вредности ги менуваме, ве молам уште пет секунди, затоа бараме и веронаука и морал и етика во училиштата. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Николовски.

Освен господинот Макрадули дали има уште некој за реплика?

Уште госпоѓа Бендевска, но вие сте пријавени и за збор.

Му давам збор на господинот Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Ќе се обидам да реплицирам во две работи во трагичното поимање на светот во Македонија дека сите професии се корумпирани и дека сите лекари, сите професори, се е корумпирано. Изгледа спотот што го гледате таму, што ви го прикажуваат е последица на тоа, вклучувајќи го и трагичниот спот на Милчо Манчевски каде вели, “бидејќи немам врски не се запишав на драмски театар”, што значи сите што се запишале биле со врски.

Тоа е трагично за еден млад човек да мисли дека сите се корумпирани и дека нема успешни луѓе и дека не треба никој да има голема куќа, никој не треба да има две коли затоа што тоа е по дефиниција, направено на криминален начин. Тоа е една невидена трагедија против успешните.

Втора работа, не велиме ние колку има Мијалков, Мијалков вели “јас имам милион евра”. Во анкетниот лист вели тој. Ние не велиме паушално 3, 5, 7, тој кажува дека од 1998 до 2003 година бил државен владин службеник. Од 2003 до 2006 година работел во приватна фирма и има милион евра. Добро, вие верувате , нормално на Извршен комитет на ВМРО-ДПМНЕ ви го објаснил тоа, но тоа треба да го знае јавноста. Затоа пишува во законот за државен службеник што бил 4 години на 14.500 денари плата стигнал до милион евра, тоа треба да се провери. За тоа зборуваме ние. Ние не даваме паушални оценки, самиот кажува дека има милион евра.

Понатаму, за бајадерите знаеме, Кирил Тодоровски е експерт. Градоначалникот на Аеродром има кривична пријава од самите граѓани со доказ на телевизија дека частел бајадери, јаделе пастрмки. Што направи Министерството за внатрешни работи со ВМРО-ДПМНЕ за сметка на тоа? Што му направи на градоначалникот на Аеродром? Има хаос таму, луѓето не знаат како ќе издржат, се надеваат дека со предвремените парламентарни избори ќе има и предвремени локални избори за да се спасат од таа наезда. Не можам да сфатам.

И за обвинителите кажавте една лага. СДСМ не вели да не се испитува работењето. Само не да се изврши масовна чистка, туку тој што ќе се пријави дека сака да му се продолжи мандатот да

биде подлежен на критериуми. Тука нема спас за никој. Ние се уште, пак ќе кажам, веруваме во Македонија и во граѓаните на Република Македонија и повеќе ќе му веруваме на Шврговски отколку некој странец што сакате сега да ни го донесете. За разлика од ВМРО-ДПМНЕ и од вас јас повеќе верувам во Шврговски отколку вие. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Макрадули.

Контра реплика има господинот Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Да, очигледно, имаме многу различни перцепции за многу работи. Јас кажував што говорат граѓаните и граѓаните го говорат тоа, ние не можеме да избегаме од тоа дека се создаде таква слика. Јас не викам дека нема чесни доктори, дека нема чесни медицински сестри, дека нема чесни професори, дека нема чесни административци итн, но не велам дека нема чесни пратеници и во изминатите состави на Парламентот, имало, но сликата што ја создаваше таа гарнитура и тој начин на владеење беше оној што зборуваше Макрадули дека сите се такви.

Затоа Милчо многу убаво кажува во спотот дека човекот немал врски, немал врски и заради тоа се зборува. Тоа се урбани приказни кои кружат низ државата не заради тоа дека некој ги измислува, туку заради тоа што се случувале. Тоа се приказни што се случуваа и кога јас сум се запишувал на факултет и кога Јани се запишувал на факултет. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Николовски.

Колеги, имам впечаток иако темата е корупција односно законот за корупција дека се оддалечуваме од идејата да се дискутира по текстот на законот. Затоа би молел да се вратиме малку назад, во меѓувреме само да прашам господине Макрадули дали вие се имате пријавено и за збор или само за реплика.

Тогаш го бришеме господинот Макрадули бидејќи беше само за реплика.

Повелетел госпоѓо Бендевска со вашата реплика, но вие останувате и за збор.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Колега Николовски, ВМРО-ДПМНЕ се бори против корупцијата со етика и веронаука? Многу ќе беше подобро да се боревте согласно одредбите на Законот за спречување на корупција. Таму е речено кога ќе постои основано сомнение дека медицинска сестра случајно мајка на премиерот и лидер на ВМРО-ДПМНЕ купила за две ипол години 4 стана за што издвојувала месечно по 7.082 евра и те како трабало да реагира Антикорупциската комисија и господинот сопруг на вицепремиерката, во слободно време директор на Управата за јавни приходи, да го испита имотот. Замислете небулоза дали имотот е легално стекнат, што станува Македонија во време дури ВМРО-ДПМНЕ се бори против корупцијата Алиса во земјата на чудата! Знаете кога ќе ја убедите македонската јавност дека се борите сериозно против корупцијата? Кога согласно Законот еден многу висок функционер во слободно време и прв братучед на премиерот, во раце го поседува анкетниот лист и вие можете да го побарате ќе ви го испратат да, кај нас доцнеше бидејќи не постоеше, тогаш се креираше. Бидејќи и Мирјана Димовска и јас го добивме, јас преку пошта истиот ден 14 јуни. Значи, по девет месеци доцнење Законот вели, морало да се интервенира, морало да се казни, нема постапка. Ниту Управата за јавни приходи до овој момент не повела постапка да испита од каде му е. Ете, госпоѓата медицинска сестра согласно закон си стекнала имот.

Инаку, знаете, вие можете овде да говорите, да реплицирате, да контра реплицирате, но вашата борба против корупцијата нема врска со етиката и веронауката освен да почне народот да се крсти. Затоа во Буџетот планирате толку нови цркви да изградите. Ќе почнеме да се крстиме и ќе биде како она, оваа борба господине Николовски, согласно спотот на К-15 воображете се, Влада на Република Македонија која се бори против корупција - друштво со ограничена одговорност - Николче - братучед му и другарите. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Бендевска.

Контра реплика има господинот Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Добро, нема да го спуштам нивото особено во делот на црквата, јас сум верник и не можам да дискутирам на начин на кој дискутираше колешката. Навистина ми е жал што така дискутираше, има многу верници кои ги навредува.

По однос на останатите работи СДСМ одржа 157 преса на темата станови на Никола Груевски и не успеа да испита ништо особено со тоа што беше на власт, доколку беше така јас сум убеден дека ќе го затворевте случајот, ќе имаше кривични пријави. Заради тоа што Јани Макрадули им верува на нашите институции и јас му верувам на Горан Трајковски, директорот на УЈП, кој кажа дека нема случај и дека случајот е чист. Вие можете да си го повторувате уште десет години и секогаш кога ќе го кажете јас ќе ви кажам дека Радмила Шекеринска има три милиони евра нелегално стекнати додека била на власт. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Николовски.

За збор се јави госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Ќе почнам од крајот.

Знаете зошто се сомнителни 4-рите стана на медицинската сестра што во меѓувреме и мајка на господинот Груевски, премиерот на Република Македонија? Заради тоа што кога ја отворивме

аферата со овие 4 стана првата реакција беше дека тие стана не постојат, дека тоа не е точно. За после извесно време премиерот да каже дека не се 4, туку се два , за после извесно време да се предомисли и да каже дека се 4 ама не се негови, туку се на име на мајка му, а мајка му, бидејќи работела многу во странство успеала да заработи за 4 стана од кои се сите по 100 и некој квадрат, едниот од нив е во близина на нашата колешка Валентина Божиновска која меѓу другото и јавно го праша во колумна дали беше привидение во кој се дружеле додека беа во опозиција.

Трагедијата да биде уште поголема, оние кои сега откако дојдоа на власт и ни промовираат морал и етика истите тие, истиот тој премиер Груевски два од тие стана ги има купено на денот кога се случи Карпалак. И вие ќе ги убедите граѓаните на Република Македонија дека тука има и етика и морал и патриотизам. Не можете да ги убедите. Тука има само чист личен интерес. Чист личен интерес и ништо друго.

**Благој Зашов:** Можна е коинциденција.

**Славица Грковска:** Во ситуација кога во Македонија беше ден на жалост сегашниот премиер Груевски од позиција на министер за финансии си стекнал во лична сопственост два стана во еден ден за кои подоцна без успешно се обидуваше (потпретседателот ја опоменува да премине на темата) да не убеди дека не постојат за да на крај се испостави дека постојат 4 стана, меѓутоа на името на неговата мајка.

Сега ќе кажам зошто е поврзано со законот. Заради тоа што господинот Груевски кога стана пратеник во 2002 година доцнеше со анкетниот лист, не го пријавуваше се до оној момент додека не се ожени и се пресели во друг стан, за да не ги пријви овие 4? За да ги префрли на име на мајка му  во меѓувреме? И вие нам ќе ни продавата декларативна борба против корупцијата и организиран криминал? Па, вие ја промовиравте. Вие ја промовиравте најмногу како начин на функционирање во системот.

Кој ги купуваше партиските фирми од 1998 до 2002 година? Вие. Како ги направивте шоферите на Георгиевски и на вашите функционери најголеми акциониери и сопственици на фирми? Кој ја купи Македонска банка? Кој ја уништи Печатницита “Гоце Делчев”? И вие ќе ни зборувате дека вие се залагате навистина за борба против корупција и организиран криминал? Тоа е истата гарнитура која е сега на власт, истата онаа која беше од 1998 до 2002 година. Јас зборував и претходно дека вие направивте само шминка во ВМРО-ДПМНЕ, дека ги вративте истите кадри на најистурените позиции ставивте млади луѓе за да бидат параван за истите кадри што ја промовираа и ја водеа и уште ја водат политиката на Љубчо Георгиевски и од тоа не можете да побегнете.

Е, сега, зошто се јавив повторно?

Еден од коалиционите партнери во април 2007 година излезе со следните тврдења. Во Република Македонија  организираниот криминал и корупцијата  заземаат огромни димензии и сериозно го загрозуваат економскиот развој и правниот поредок на државата. Притоа криминалот станува вредносна категорија, а не зло кое генерира нестабилност и социјални разлики и ја влече државата во целосен колапс. Разорното и деструктивно дејство на организираниот криминал се забележува на секој чекор преку огромната невработеност, сиромаштијата, ерозијата на институциите на системот, инверзија на основните вредности, масовно иселување на младите и стручни кадри во странство како и целосна блокада на органите задолжени за откривање и гонење на организираниот криминал и корупцијата.

Ќе повторам, масовно иселување на младите кадри, меѓутоа и целосна блокада на органите задолжени за откривање и гонење  на организираниот криминал и корупцијата. Ние кога се соочуваме со вакво признание од страна на коалиционен партнер на ВМРО-ДПМНЕ во април 2007 година, тогаш не би требало да не изненадува што Антикорупциската комисја за која вашиот коалиционен партнер вели дека е блокирана, не излегува и не постапува согласно законите, туку напротив постапува селективно.

Понатаму, колициониот партнер на ВМРО-ДПМНЕ вели, не поделени се оценките дека Република Македонија се криминализира април 2007 година. Дека отсуствува политичка волја за ефикасна борба притив криминалот, дека не функционира имунолошкиот систем на државата, а последици на сето тоа се целосна ерозија на институциите на државата. Април 2007 година, речениците се во сегашно време. Затоа е неопходен политички и граѓански консензус војната против организираниот криминал и корупцијата.

Прв и најопасен е институционалниот организиран криминал при што установите, пред се, законските решенија го организираат криминалот со кој се урива економската основа на државата. Ова е констатација во април 2007 година на коалициониот партнер на ВМРО-ДПМНЕ.

Тоа се изведува преку неправедната и криминална приватизација, преку продажба на фирми на наводни странски стратешки партнери и со ова се согласувам, тоа се потврди со случајот кај ТЕЦ Неготино, се потврди со случајот на продажба на земјиштето кај Рамстор на фамилијата, преку продажба на градежно земјиште, преку спогоби во 4 очи што се случи повторно сега со ОКТА спогодба во 4 очи на штета на граѓаните на Република Македонија, но и преку тендери за изведување градежни работи, набавка на опрема, системи за врски, возила и друго.

Значи, во април 2007 година коалиционен партнер на ВМРО-ДПМНЕ увидел дека Владата

на ВМРО-ДПМНЕ функционира на ваков начин што Владата ќе се потруди сериозно да го потврди во секој нареден чекор меѓу другото и со предлагање на одлука за пренамена на средства за меѓубуџетските корисници која е потполно незаконска, а која, согласно ова што го вика тука набавка на опрема, системи за врски, возила итн, обезбедува десет милиони евра за набавка на возила, опрема, машини итн, за Министерството за внатрешни работи, за економска промоција на Владата, за купување на мебел и опрема, Министерството за финансии итн. инт.

Значи, се она што го напишал коалиционият партнер на ВМРО-ДПМНЕ Владата го потврдува во нејзиното секојдневно функционирање. Уште вели, бидејќи ние изразивме сомневање дека за десет дена е невозможно да се спроведе тендерска постапка за волкава огромна сума на пари, реално е да се очекува тоа да се случи по пат на непосреден договор, а на тоа укажува и коалиционият партнер на ВМРО-ДПМНЕ кој вели: со дискреционите министерски права за набавка на оружје, опрема, специјални возила, униформи или системи за врски за потребита на Армијата и Полицијата, имаме признание дека овие десет милиони евра ќе се искористат со дискреционите министерски права да се набават возила, а дали ќе бидат возила или ќе имаат друга намера, ако се има во предвид најавата за вонредни парламентарни избори не е ништо чудно дека тие пари одат на друга сметка.

Постои спрега меѓу криминалното бизнис лоби и политичкиот естаблишмент при што сопствениците на фирмите, а зад нив воопшто не заостануваат ни политичарите на класичен криминален начин станаа богаташи на штета на граѓаните и на вкупниот економски развој на државата.

Факт е, сите примери кои ги кажувавме до сега зборуваат за спрега меѓу криминалното бизнис лоби и политичкиот естаблишмент, а во најдобар дел од случаите се едно и политички естаблишмент и криминално лоби.

Заради тоа немојте трагикомично да се обидувате да ги браните оние кои во ваше име прават криминал, заради тоа што вие сте избрани од народот и вие одговарате за постапките на извршната власт, затоа што вие ја бирате Владата, Владата ги бира тие функционери и вие сте одговорни, на некој начин, за нивното функционирање.

Ниту еден пратеник на СДСМ до сега не застана во одбрана на некој кој ја злоупотребил службената должност, напротив. Меѓутоа сме се спротивставиле на неуставниот и незаконскиот обид, по секоја цена, да се направи привид за борба против организиран криминал и корупција. Меѓутоа, тоа со вас не е случај.

Понатаму, вториот облик на организиран криминал и корупција е нарко бизнисот, недозволената трговија со оружје, нафта, трговија со жени и тн. Дали оваа власт беше, или да ја парафразирам госпоѓата Божиновска, привидение ли беше тоа што Дилавер Бојку кој беше прогласен за балкански и регионален трговец со жени, ослободен заради добро владеење. Да не ги спомнувам другите примери кои се блиски со структури на ДПА.

Карактеристично за овој криминал е што во него задолжително се вклучени лица од власта и јас се согласувам со ова, цариници, припадници на полицијата носители на високи и влијателни јавни функции. Тоа го зборуваме ние господине Грозданов дека вие немавте храброст да застанете и да се соочите со криминалот во вашите редови. Владата падна на тестот за искрена и неселективна борба против организираниот криминал и корупција. Јас знам дека вас не ви преостанува ништо друго туку иронично да се смешкате. Граѓаните на Република Македонија знаат да проценат и ќе кажат на изборите дека не ја поддржуваат политиката на Владата која продуцира криминал. Уште еднаш да парафразирам “го легализира криминалот на законски начин” со овој обид, меѓу другото со Предлог-одлуката за намена на буџетските средства, што е неуставна и незаконска. Тоа го прави Владата. Владата прави параван во борбата против организираниот криминал и корупцијата и промовира систем во кој никој друг освен Владата не може да продуцира криминал и продукција, само владините функционери. Само за нив е тоа привелегија, другите не можат. Владините функционери, ако за нив се потегне нешто, тоа не.

Третиот вид криминал е широко распространета корупција во чии рамки граѓаните за да остварат некое право мора да платат. Овде пред се се мисли на обезбедување на дозволи за градба. Замислете, дозволи за градба, за истата онаа градба за земјиштето кај Рамстор кое е продадено на чуден начин, за судска разрешница на некој предмет, за здравствени услуги и тн. Со овој вид криминал се потврдува високиот степен на криминализацијата и ниското ниво на основните вредности во државата. Значи во април 2007 година коалициониот партнер на ВМРО-ДПМНЕ вели дека со ваквиот вид на криминал се потврдува високиот степен на криминализацијата и ниското ниво на основните вредности во државата.

Понатаму се вели - во политичкиот речник под поимот декриминализација се подразбира елиминирање на институционалниот криминал и неформалните центри на моќ, посебно во случаи кога системот произведува криминално поведение на институциите и на поединци, преку злоупотреба на положбата и институциите. Затоа немојте да очекувате, господине Трајанов дека вашето барање од април 2007 година некогаш ќе биде ставено на дневен ред. Нема да биде ставено на дневен ред заради тоа што, ако се стави тоа на дневен ред тогаш ќе треба многу

глави во Владата да паѓаат, токму од овие причини заради тоа што е потребно елиминирање на институционалниот криминал и на неформалните центри на моќ, посебно во случаи кога системот произведува криминално поведение на институциите и на поединци, преку злоупотреба на положбата на институциите. На овој начин функционира Владата на Груевски откако е избрана.

Исто така, потврдувате дека оваа потреба е наметната од актуелните состојби во Република Македонија, зборуваме за април 2007 година, кои се карактеристични по владеењето на криминалната стега меѓу политиката и олигархијата што се нарекува организиран криминал. Сега ви е јасно, после 1,5 година од функционирање на Владата, зошто никогаш нема да расправаме за вашиот проект, затоа што тоа е начин на функционирање на Владата на Груевски. Јас ве разбирам, до колку на наредните избори кога ќе излезете пред граѓаните и кога ќе треба да дадете отчет зошто сте биле неуспешен во вашите ветувања што сте ги давале пред нив, ќе нема да има што да кажете, заради тоа што, со тоа што седите тука и не говорите јавно за криминалот и корупцијата што оваа Влада ги продуцира, вие сте нејзин соучесник. За џабе ви се вашите обиди да се јавувате во “принципиелни реплики” од различен карактер, заради тоа што на сите им е јасен и вашиот политички беграунд и вашата активност сега.

Јас ги повикувам пратениците, без разлика на тоа што се од ВМРО-ДПМНЕ, да не ги прекриваат криминалците во своите редови. Останете достоинствени на вашата функција, спротивставете им се, заради тоа што заради таквото неодговорно однесување на поединци што ја стекнале функцијата на ваш грб, вие сте оделе да им ветувате на граѓаните, вие сте оделе од врата на врата, вие сте одржувале средби не они, тие ја злоупотребуваат својата положба и вршат криминал со цел да стекнат лична корист. Тоа не е интерес за Република Македонија.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Грковска.

Фактот дека има многу реплики е знак дека треба уште еднаш да укажам дека дискутираме за законот за спречување на корупцијата, по текстот на законот.

Инаку да укажам уште еднаш дека дискусии кои се оддалечуваат од темата, иако темата е корупцијата, предизвикуваат реплики и ќе одиме во недоглед. Затоа уште еднаш укажувам на потребата од држење до дневниот ред и говорење за текстот на Предлогот на законот за спречување на корупцијата.

Сега само уште да констатирам колку имаме реплики. Според екранот овде за реплики се јавиле: Грозданов, Ѓорчевм, Трајанов, Шутаров, Ташева, Божиновска, Рамадани, Авировиќ и госпоѓа Бонева.

Повелете господине Грозданов, имате три минути реплика.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Една забелешка на почетокот, што дозволивте на претходниот дискутант да го наруши дигнитетот на Собранието и да зборува надвор од точката на дневниот ред. Но, јас ќе реплицирам по она што дискутантот, госпоѓица Грковска го изнесе.

Имунолошкиот систем на еден организам заздравува тогаш кога претходно премногу ќе заболи.

Госпоѓице Грковска антибиотици се примаат на подолг временски период за да заздрави телото, така што и ние не можеме веднаш да го оздравиме телото кое СДСМ го разболе во изминатиот период кога владееше, т.е. 15 години владеење на СДСМ.

Да се навратам на она другото. Имено 10 милиони евра да се набават возила, опрема и тн.

Дали сте се запрашале кога СДСМ, во нивното владеење, освен оние коњи на Фрчковски, сте купиле опрема за полицијата.

Јас ве повикувам од овде заеднички да отидеме до МВР и да прашаме колку вие сте вложиле во софистицирана опрема за потребите на МВР, дали се тоа превозни средства, дали е опрема. Јас ве повикувам од овде заеднички да го посетиме МВР и да видите дали воопшто еден денар или едно евро сте инвестирале таму. Да ви кажам тоа е корупцијата. Парите исчезнуваа, а опрема немаше.

На крајот, велиме криминалот е државникот, пардон, госпоѓо Грковска, мислев на октоподот, не на државникот, или можеби на Бучковски, се извинувам мислев на резервните делови т.е менувачи за тенковите. Дали тоа не е криминал? Оставивте во Битола се да биде црно. Им ги земавте парите, излеговте и кажавте на октоподот ќе му ги сечеме пипците. Ни пипци ни ништо. Главата беше државникот.

Зборувате за криминал, а сеуште вашиот екс премиер се наоѓа на испитување, на суд за резервните делови т.е. тенковите.

На крајот да ве прашам госпоѓо Грковска, дали вие сте соучесник, затоа што нас пратениците не прозивате и викате, господо вие ќе бидете соучесници затоа што гласате. Вие бевте пратеник во претходниот мандат, госпоѓице Грковска, јас не бев, дали тогаш кога резервните делови за тенковите, дали тогаш кога се правеше криминалот, вие гласавте. Значи вие бевте соучесник а не јас. Затоа немојте да се повикувате на тоа кој бил соучесник, бидејќи вие бевте директен соучесник во ова.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Една минута контра реплика за госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Господине Грозданов вие многу пати наназад сте ја покажале вашата

неинформираност. Јас во една минута немам време да ве информирам за тоа какви се реформи се направени во полицијата. Меѓутоа, факт е дека вие гласавте за само 10 дена да се потрошат 10 милиони евра, без да има можност да се распише тендер, за да се купат возила, опрема и мебел за МВР. За што? За министерскиот кабинет во кој ретко седи?

Друго, обратете се на вашиот коалиционен партнер тука кој во април 2007 година вели - мора да се елиминира институционалниот криминал и на неформалните центри на моќ, посебно во случаи кога системот произведува криминално поведение на институциите и на поединци, преку злоупотреба на положбата и институциите. Вака функционира Владата на ВМРО-ДПМНЕ, откако е избрана.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе.

Ќе се надоврзам на оваа дискусија што се води во моментов, а тоа е следново:

Ако веќе зборувате за полицијата, госпоѓо Грковска повелете ќе појдеме и ќе прашаме некој полицаец, не мора во станица да одиме, кога му е купена униформата, кога му е купен пендрекот, кндурите кога му се купени. Јас во 2003 и 2004 година кога се среќавав со полицајците знаете што ми велеа, година дена помина, две години поминаа, Хари Костов министер, Џанго министер и тн., чорапи ни немаат купено, дали зборуваме за возила, дали зборуваме за митралези, дали зборуваме за снајпери, дали зборуваме за лаборатории во кои ќе може ДНК да се испитува. Две шајки во МВР немате променето. Многу е јасна работата во врска со МВР.

Во врска со тоа што го велите за луѓето од ВМРО-ДПМНЕ, кажав и ќе ви кажам повторно немојте постојано да повторувате едни исти лаги. Ја имавте власта во 2006 година, шест месеци зборувавте за Никола Груевски и Нада Груевска, станови вакви, станови онакви. Ја имавте вашата Петра Митрева како директор на УЈП, имавте ваш обвинител, ваш министер за внатрешни работи, Љубомир Михајловски Џанго кој денес е адвокат на Чочоровска за пола тон кокаин, ги имавте сите полуги на власта, именувани обвинители, именувани судии, судски совети, Ленче Софрониевска и тн., што не покренавте обвинние, што не покренавте кривична пријава. Немавте докази, немавте ништо, затоа што жената, покрај другото, Нада Груевска има работено во Либија. Нејзиниот брат Јордан Мијалков 20-30 години бил видна личност, директор, пола Македонија го знае, прашајте во Штип, прашајте во Скопје, прашајте во Велес. И после ќе прашувате, станови вакви, станови онакви. Престанете со таа работа, затоа што никого нема да убедите. Ако имавте некаков случај што не покренавте во време кога ја имавте власта. Истата работа денес ја слушаме, де Мијалков, де другиот Мијалков, де третиот, де четвртиот. Тоа е како, рассечи ја перницата и од 7 кат пушти ги пердувите и после ќе се демантира. Ако сакате да зборувате за датуми и за денови, јас ќе ви кажам еден датум и еден ден, а тоа е префрлањето на парите од Министерството за одбрана на МЗТ ФОП, дента кога загина Борис Трајковски, на 26 февруари. Загина Борис Трајковски, иако сеуште му се бараше телото, вие го прогласивте за мртов, стана јасно дека ќе има избори, а вашиот Владо Бучковски за потребите на кампањата на Бранко Црвенковски префрли пари од Министерството за одбрана. Еве тоа е кога зборуваме за датумите.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Една минута контра реплика за госпоѓа Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** И Мијалков и Груевски имаат среќа што немате завршено факултет, инаку ќе им бевте многу лош адвокат.

10 милиони евра без тендер. За тоа зборуваме. Не зборуваме дали треба опрема за полицијата или не.

Инаку треба да знаете дека оваа година воопшто не е набавена опрема за полицијата. Тоа треба да ве загрижува. Меѓутоа, исто така треба да ве загрижува тоа што има обид тоа да се злоупотреби и да се потрошат 10 милиони евра без тендер, со договорни услуги со министерката.

Јас разбирам дека ќе станете и ќе ја напуштите салата поради тоа што не сакате да го слушнете тоа што ќе ви го кажам. И 100 години ќе зборуваме за становите на Нада, заради тоа што нема никакво покритие за нив, заради тоа што начинот на кој се префрлени на нејзино име е рамно на криминал. Еве, бидејќи бвие викате дека немате селективна борба против корупцијата, излезете тука и кажете од каде на медицинска сестра пари за 4 стана во Скопје од 100 квадрати. Колку пари заработила во Либија за да може да купи 4 стана од 100 квадрати во централно градско подрачје и да може да го издржи тоа и данокот да го плаќа.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Благодарам.

Прво сакам да искажам благодарност до пратеничката Грковска што читаше овде делови од проектот за декриминализација, подготвен во 2005 година и доставен до тогашната Влада и до Парламентот. Имаа прилика и тогаш да отворат расправа, независно што тогаш јас и Демократскиот сојуз не бев во Парламентот, бидејќи Демократскиот сојуз не беше парламентарна партија.

Инаку, ќе започнам со тоа што и вие го почнавте дека криминалот е вредносна категорија, а не зло со кое треба да се справиме.

Само да ве потсетам на едно истражување, мислам беше на А1 телевизија, кога ги прашаа граѓаните која институција е најкорумпирана. Тогаш некаде 90% одговорија дека најкорумпирана институција е Царината. Кога ги прашаа граѓаните каде би сакале да работите . Од накетираните, исто така околу 90% одговорија дека сакаат да работат повторно во Царината.

Тоа зборува дали овие работи брзо се менуваат или не. Јас и натаму тврдам дека се она што е напишано, зборувам за 2005 година, проектот за декриминизација е сосема издржано.Она што го напишав јас во соработка со моите соработници од партијата, во соработка со голем број на експерти, тоа што граѓаните го кажаа низ трибините во Република Македонија со поддршка на јавната промоција, со поддршка на А1, тоа и натаму е сосема точно и за тоа треба да расправаме и јас сум сигурен дека овој Парламент ќе има шанса, ќе има можност да расправа. Една од моите забелешки до претседателот на Собранието на Република Македонија е тоа што тој проект не го постави веднаш за да се расправа за периодот до 2005 година, до 2006 година, бидејќи за тој период се однесува од 1991 година наваму. Така да, сега обидете се вие да зборувате за денешно време, мислам дека не се токму така како што вие тврдите за работите, затоа што имплементацијата на тој проект започна во многу делови. Ако сакате, јас сум горд што направив проект со кој што и граѓаните во институциите започнаа посериозна борба против корупцијата и криминалот.

На крајот, ќе го цитирам писмото на господинот Фуере што го достави до Демократскиот сојуз, разгледувајќи го проектот, тој сосема многу јасно кажа дека овој проект придонесе во голема мера кај сите, вклучително и кај нас пратениците дека со криминалот, со корупцијата треба да се справиме на ефикасен начин.

Мислам дека се она што го прочитавте е во ред, но требаше да бидете фер и да прочитате што предлага Семократскиот сојуз и Павле Трајанов.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Трајанов.

Контра реплика има госпоѓа Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Најмалку очекував господине Трајанов вие да се јавите за реплика.

**Благој Зашов:** Еве ви давам да се јавите за реплика веднаш после контра репликата, бидејќи доцна се пријавивте.

Повелете госпоѓо Грковска.

**Славица Грковска:** Најмалку очекував дека вие господине Трајанов ќе се јавите за реплика, заради тоа што вие признавате дека во април 2007 година системот произведува криминално поведение на институциите и на поединци преку злоупотреба на положбата во институциите. Меѓутоа, за вашето вакво однесување, за вашата хипокризија, не треба да бидам изненадена, заради тоа што вие бевте посочен за еден од главните актери за склучување на договорот со ОКТА, заради кои граѓаните на Република Македонија трпат голема штета. Јас се прашувам и во овој втор договор со ОКТА, кој исто така е штетен за граѓаните на Република Македонија, повтроно да не имате некоја улога и дас не сте вие дел од овие поединци кои ја искористуваат положбата и институциите.

**Благој Зашов:** Благодарам госпогице Грковсика.

Процедурално се јави господинот Цветко Грозданов. Нода биде навистина во рамките на процедурата.

**Цветко Грозданов:** Господине потпретседателе мојата процедура е во членот 77. Говорникот може да говори само по прашањето што е на дневен ред и по последниот став, говорникот е должен во својот говор да го почитува достоинството на Собранието.

Господине потпретседателе, дозволивте госпоѓица Грковска во два наврата да го руши дигнитетот на Собранието и да не зборува воопшто по точката на дневен ред. Јас према вас упатувам една забелешка на лошото менаџирање во дадениот момент со Собранието. И апелирам, во вакви наредни ситуации не дозволете било кој пратеник да изнесува лаги и невистини и клевети и плус тоа да не се држи на точката на дневен ред.

Госпогице Грковска зборуваше можеби половина час. Земете го стенограмот и ќе се уверите дека од тој половина час, ниту една минута нема говор којшто беше по точката на дневен ред.

Уште еднаш, би ве замолил да менаџирате со Собранието онака како што достоинството и доликува на еден потпретседател на Собранието да менаџира.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Грозданов.

Во два наврата укажував на тоа дека, молам, немојте да упаѓате, во два наврата укажував на тоа дека треба пратениците да се вратат на темата која е во врска со Законот, иако тоа е поврзано со корупцијата и фактот што има многу реплики е знак дека се бега од темата на дневниот ред и затоа молев, но сепак, јас не можам да забранам и да укажувам што луѓето ќе зборуваат.

Оттука, во рамките на репликите се одговара на сите напади и мислам дека ќе биде нерешено и во тој поглед.

Уште едно процедурално од господинот Трајанов. Повелете господине Трајанов, но и вас ве молам дас биде навистина кратко и во рамките на процедурата.

**Павле Трајанов:** Почитуван потпретседателе, јас денеска зборував за тоа како парламентарната говорница, пратениците на СДСМ ја користат за дисквалификација. Јас сакам госпогице Грковска да ви кажам. Процедурално е тоа што вие излеговте од темата на дневниот ред, не расправавте за тоа што е закон. Ве реплицирав, бидејќи вие мене ме посочивте за проектот за

декриминализација. Јас ви кажувам дека проектот за декриминализација е подготвен 2005 година, независно кога е пратен. Јас ве повикувам околу ОКТА и тогаш и сега што се случува. Отворете судска постапка, мене око не ми трепнува. Ниту сум бил учесник ни тогаш ни сега, ни било кога. До сега, никаде во ниеден случај не сум се вклучил во незаконити криминални активности. Тоа можете на секому да му уго кажете, но мене не можете да ми го кажете. Ако имате било каков аргумент посочете го, кажете го, меѓутоа, во проектот за декриминализација зборуваме за пееriодот кога што владееше СДСМ. За криминалната приватизација, за криминалот, за корупцијата. И треба да расправаме на овој Парламент и ќе докажеме кој се бил вклучен во криминалот, во криминалната приватизација.

**Благој Зашов:** Господине Трајанов ви благодарам. Имам впечаток дека процедурата се користи за други објаснувања. Еве уште една, мислам деика ќе биеде последна процедурална забелешка и потоа минуваме на репликите, кои исто така можат да се искористат за кажување на ставовите на пратениците.

Повелете госпогице Грковсика.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе, мојата забелешка е до вас, заради тоа што вие дозоливте да се злоупотребуваат процедуралните забелешки. Требаше да го прекинете господинот Трајанов, заради тоа што беше тоа реплика на мојата дискусија, а не процедурална забелешка.

Ако господинот Трајанов чувствува потреба да си ја исчисти совеста од активностите кои што ги имал додека бил функционер во Владата на Љубчо Георгиевски, го молам да не ја користи собраниската говорница за тоа. Има начин и го повикувам, ако е чист за ОКТА, тој нека даде на суд и нека докаже дека немал никакви удели во ОКТА и дека е чиста ситуацијата со ОКТА во времето кога го случувале договорот.

**Благој Зашов:** Ве молам ова не е процедурално.

Повелете господине Шутаров, вие имате реплика на говорот на госпоѓа Грковска, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодама почитуван потпетседателе, почитуван минситер, почитувани колеги,

Во мојот крај за вакви видови дискусии и расправи велат попретка. Тоа значи кога секој си зема за право да зборува за се, неаргументирано и секогаш бегајќи од темата.

Дискусијата на почитуваната колешка Грковска точно личеше на попретка во која што ни збор не стана за Законот односно за измени и дополнување на Законот за борба против корупцијата, кој што низ три промени на членови, од Законот што го донесувме минатата година, фактички носи промени во насок на транспареноста и ефикасноста на борба против корупцијата прихитенунг. Значи, и сега и овде. Во смисла на ова што досега го слушавме, ќе ми дозволите малку да ја разведрам темата и да се оддалечам кажувајќи една анегдота, поврзано со најстарото корупрtивно откритие кое што се има случено. 1997 година една германска архиелошка експедиција, во Сирија, во местото Рака, открива 170 глинени плочи, за кои што не знае каква функција и употреба имаат, затоа што немаат на почеток никаква употребна вредност. Истражувањата покажуваат дека на тие 170 гнинени плочи 18 века пред наашата ера, значи пред Христа, на некој вид организирање племенско на Асирското царство, имало сектор кој што бил пандан на нашиот сектор за внатрешни работи. На тие 170 плочи се испишани сите обиди и начини откриени, всушност докази дека некој земал мито во тоа царство. Зошто го спомнувам случајот на најстариот коруптивен случај во овој контекст. Заради тоа што е единствен најстар и постар од коруптивниот беграунд на СДСМ. И не можам да се изначудам. Навистина, пред малку некој спомна за Алиса во земјата на чудата. Кога колегите од СДСМ зборуваат за корупција, секако се однесуваат како Алиса во земјата на чудата, која што и кога не знаеле како се стигнува таму, наеднаш сите патишта ја воделе токму таму. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Шутаров,

посебно за убавата анегдота.

Контра реплика има госпогица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Господине Шутаров јас сум сигурна дека во вашиот крај разбраа дека мојата дискусија беше потполно во согласност со законот, заради тоа што сега дискутираме еве малклу да ве упатам, ако не сте го сфатиле тоа до сега, за причините заради кои што треба да се донесе Законот. И имаме за право да реагираме на целиот криминал и корупција што го продуцира Владата на ВМРО ДПМНЕ во овој период откако е на власт. Тоа е наша должност и како пратеници, не само како пратеници од опозицијата, туку и како пратеници од парламентарното мнозинство, дури и многу повеќе ваша, заради тоа што сте дел од владеачкиот пакет. И наместо тука на трагикомичен начин да се обидете да ги реватилизирате работите, јас би ви препорачала подобро сериозно да се распрашате и да се информирате за тоа што се случува во вашата Влада, во Владата што вие ја поддржувате.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓице Грковска.

Министерот побара збор, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине потпретседателе.

Денеска за се се говореше, само не се говореше за законот. Се говореше многу паушално, за жал. Мислам дека ако се гледа реално ќе се види и тоа што пишува во извештајот на Европската комисија, бидејќи постојано беше спомнувана Владата. Ако нешто е позитивно во Извештајот од Европската Комисија, тоа е борбата на оваа

Влада против криминалот и корупцијата, сакате тоа да го признаете или не. Меѓутоа, тоа е реалност. Кога имало толку многу покренати постапки, кога имало толку многу донесени пресуди. На кое место беше Република Македонија? На 106. Како можеше да дојде на 106 место. Со ТАТ, со криминалните приватизации, со криминалните тендери.Тоа е она што ја доведе Република Македонија на 106- тото место. Оние колци таму во паркот, за шаторите. Не се тие шатори поставени пред 6 месеци. Тие се поставени пред 12, 13 години, тогаш кога се спроведе најкриминална приватизација и кога работниците беа исфрлени на улица. Тогаш се поставени тие шатори. И тогаш за жал, тие работници се ставени во ситуација да патат, заради тоа што не се спроведуваше законот. Оваа Влада законот го спроведува и оваа Влада ќе го спроведува законот бидејќи сите се еднакви по законот. Оваа Влада цврсто е определена граѓаните на Република Македонија да не бидат жртви на корупција. За тоа оваа Влада го менува овој закон. Го смени еднаш, го смени уште еднаш, и го менува и трет пат. За жал, денес и најдобрите идеи што се содржани во законот можеби некому не му одговараат. Никој не е против тоа граѓаните да стекнуваат имот и богатство, меѓутоа, сето тоа треба да има легална основа. Сетоа тоа треба да биде докажано, сето тоа треба да биде стекнато на начин предвиден во Законот, а не на криминален начин. Некој може да има и куќи и палати и возила и бродови, меѓутоа треба да го докаже од каде му е тој имот. Тоа е она што е содржано во законот. За жал, вие тоа не сакате да го спомнете, ниту сакате да го прочитате во законот. Тоа е суштината на овој закон. И денеска кога се говори за сите овие елементи мислам дека оваа Влада на Република Македонија донесе многу закони за спречување на корупцијата, донесе закони и предложи закони за јавно обвинителство, формира посебно јавно обвинителство за гонење на дела на организиран криминал и корупцијата. Ги зајакна посебните институции од дирекцијата за спречување на перење на пари, од Државната комисија за спречување на корупцијата, од Управата за јавни приходи, од царинската управа. Кажете еден пример со кој се пофаливте во изминатиот период на една ефикасна битка против корупцијата. Тоа ли е битка против корупцијата, само со зборови? Само со фалби? Јас бев претседател на Комисијата и јас го докажав моето. И овде кога дигате листови.

**Благој Зашов:** Без упаѓања ве молам.

**Михајло Маневски:** Подигнете ги листовите кога сте ги поднеле изјавите и кога сте ги поднеле анкетните листови. Вие тоа да го направите и тоа е многу чесно да го направите, затоа што тоа е веќе јавно објавено. Денеска во едно треба да бидеме сите на јасно. Никој да нема ни на крај памет било кој и на било кое место да се наоѓа ќе биде надвор од доменот на државната контрола, на државните институции во борба против корупцијата. Тоа е во функција на граѓаните на Република Македонија. Можеш да речеш аман, ама треба да речеш амин а не аман. Така, да ти биде јасно.И затоа, се додека вака се однесувате мислите дека некој ќе ви верува? За жал, нема да ви верува ниеден збор, зтоа што напаѓате една Влада што од петни жили запиња и има резултати затоа што се бори против корупцијата. А вам тоа не ви одговара, заради тоа што мислите дека на овој начин ќе ја дескредитирате. Не е тоа точно. Ниту имате елемемнти да ја дискредитирате оваа Влада која што ги презема сите мерки да го обезбеди овој народ да не биде жртва на корупцијата. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине министре.

Според Деловникот министерот има секогаш право да побара збор и тој го побара зборот. Сега, бидејќи имаме два говора, прво ќе ги завршиме репликите на говорот на госпоѓица Грковска, (Реакции од пратениците) мора да има некој ред. Прво ќе ги завршиме репликите на говорот на госпоѓа Грковска, а потоа на министерот.

Бидејќи во меѓувреме се јави господинот Макрадули за процедурално, му давам да се изнесе процедурално, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседтеле би сакал процедурално да интервенирам за две работи.

Прво, како потпретседател на Собранието, сметам дека требаше да го прекинете министерот во оној дел каде што рече дека Владата донела закони за корупцијата. Владата не носи закони и трагично е што министерот за правда мисли дека Владата носи закони. Владата може да ги предложи до Собранието, што мислам дека е лошо за системот во една држава која е поделена на извршна, законодавна и судска.

И второ, како што министерот има предност да зборува пред другите пратеници, сосема природно е предноста да биде и репликите да бидат кон министерот. Инаку, нема логика предноста што тој ќе ја добие овдека како министер доколку ние немаме предност во нашиот дом да реплицираме на предноста што ја има министерот. Благодарам.

**Благој Зашов:** Молам, според информациите што ги добивам од заменикот генерален секретар, тоа прашање не е регулирано во Правилникот. Според тоа предлагам да одиме по нормален ред да ги завршиме репликите на говорот на госпоѓица Грковска.

Госпоѓа Ташева има збор, повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Благодарам за конечно што го добив зборот затоа што опозицијата навистина недолично се однесува цел ден, во текот на оваа седница, ве молам потпретседателе имам пред мојата реплика особено на господиниот Макрадули да му

порачате да биде крајно пристоен и да не ги навредува пратениците.

(Галама во салата)

Почитуван потпретседателе, денеска и дозволивте на пратеничката Грковска саат време да ни држи предавања за поимот корупција и организиран криминал. Јас верувам колешката е експерт поголем нема затоа што во владеењето на нивната влада на СДС успеа Република Македонија да ја донесат до 106-тото место на корупција. Верувам дека таа може многу предавања да ни одржи и да ни каже што е тоа корупција. Арно ама, едно треба да знае, меѓународната заедница и луѓето кои ја цената корупнтивноста во Република Македонија кажаа една работа и дадоа во извештајот дека за само една година од 2006 , 5 јули изборите, до денеска се успеа да се подобри состојбата во Република Македонија по однос на криминалитетот кој го остави СДСМ. Од 106-тото место на 81. Така да почитувана колешке Грковска ве молам немој да ни држиш предавања за корпуција, затоа што нам вашиот памет по корупцијата не ни треба. Владата на Република Македонија на господинот Никола Груевски работи точно токму на сузбивање и искоренување на корупнтивноста која вие ја создадовте вашите олигарси кои ги создадовте и дното што го достигна Република Македонија со вашето владеење. Ве молам поштедете не од вашата глупост.

(Аплауз)

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Ташева, за реплика се јави госпоѓица Грковска, повелете.

(Галама во салата)

**Славица Грковска:** Е па, госпоѓо Ташева, да ве цитирам, луѓето кои ја ценат корупнтивноста во Република Македонија оценија дека продажбата на ТЕЦ Неготино е корупнтивен скандал број 1 во времето на оваа Влада, за прв пат во историјата на Република Македонија, Стејт Департментот реагираше заради криминална продажба продуцирана од оваа Влада на ВМРО-ДПМНЕ и тоа за прв пат се случува во историјата на Република Македонија. И не јас, вашиот коалиционен партнер е тој што ви држеше лекции за корупција и организиран криминал, меѓутоа проблемот е што вие не сте се потрудиле ни да го прочитате, како што не читате ниту еден закон, туку само стискате на копчињата.

**Благој Зашов:** Благодарам на госпоѓица Грковска.

Нема процедурални, госпоѓа Божиновска има реплика.

(Галама во салата)

Госпоѓа Божиновска имате реплика, повелете.

Дозволете на госпоѓа Божиновска да почне со реплика.

Реков да завршиме со репликите, а потоа ќе продолжиме.

Повелете процедурално, но времето е кратко ве молам уште 4 минути до крајот.

Држете се стого до процедурата, ве молам.

Господине Грозданов повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Јас повторно ќе се осврнам на член 87 и ќе кажам дека она што ве замолив во претходниот период околу доброто менаџирање со Парламентот, очигледно дека денаска не сте расположени за менаџирање во Парламентот, па добро беше да ја прекинете седницата, затоа што со ваков начин на известување и со ваков начин на разговарање, сметам дека ќе беше можеби подобро да дадевте една пауза или да ја завршиме седницата.

Господине потпретседателе, уште еднаш една забелешка спрема вас. Во иднина да ве замолиме да го сочуваме дигнитетот на Собранието. Вие сте оној кој што ја води седницата и затоа ве молам и апелирам до вас да не дозволиме дигнитетот на Собранието да се руши. Се надевам дека во периодот кој што доаѓа ќе бидете повеќе сконцентрирани и во вакви ситуации прввовремено ќе рагирате. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Грозданов.

Имаме време за уште една реплика, меѓутоа констатирам дека и расположението не е за продолжување, малку е време, само уште да ве известам, господа пратеници, дека продолжуваме со работа во понеделник во 11 часот со 65-тата седница, а по неа ќе продолжиме со 42 седница за што ќе бидете исто така известени. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)